## Во името на Аллах,Милосливиот,Сомилостен

# Жената во Исламот и во Еврејско-христијанската вероисповед (меѓу митологија и вистина)

**Автор:Проф.Др. Шериф Абдел-Азим**
**Универзитетот Квинс,Кингстон,Онтарио-Канада**

**Превод од арапски: Вулнет Мехмети**

# Содржина


**Вовед** 4

**1.Гревот на Ева** 7

**2.Наследениот грев на Ева** 9

**3.Срамосните ќерки** 14

**4.Образување на жената** 16

**5.Нечисти развратни жени** 18

**6.Посведочење на жената** 20

**7.Прељуба(браколомство)** 22

**8.Заклетва(завет)** 24

**9.Сопственоста(имотот) на жената** 26

10.Развод 30

11.Жените мајки 38

12.Наследството на жената 41

13.Сожалување(отежнување) на жената вдовица 44

14.Полигамија 47

15.Женското покривање(вело) 55

16.Поговор 61

Фусноти 63

# Вовед

**Пред пет години прочитав во списанието‘Торонто стар‘ издадено 3Јули,1990,еден говор под наслов‘‘Исламот не е единствена во патриархалниот вероисповед‘‘,напишана од Гвин Дајер,каде што покажува жестоки и сурови реакции и одговори,од страна на учесниците на конференцијата‘‘Жените и моќта‘‘одржана во Монтреал,кои беа обраќани против коментарите на познатата феминистка од Египет Др.Навал Саадави.Меѓу нејзините политички погрешни изјави се цледните:-дека‘‘сите прописи и обврски кои се посветени за жените,најпрвин ги наоѓате во Еврејсвото во Стариот Завет потоа во Христијансво па накрај во Кур‘анот‘‘,и дека ‘‘сите религии и вери це патриархални затоа што никнале и се развиеле во патријархални народи‘‘,и дека покривањето на жената се разбира не е обврска само за муслиманките,туку тоа е старо културно наследство која постои и во другите вери‘‘.**
**Учесниците во конференцијата не можеле да ги поднесуваат ваквите аналоги кои означуваат дека верите се од еден извор.Тоа доведе до полно критики насочени кон неа.**
**``Коментарите на Др.Саадави се неприфатливи,нејзините одговори ни покажуваат дека има слабо познавање во врска со другите вери``,изјави Бернис Дубуа,претстаничка од Светското Движење на мајките.**
**Алис Шалви од Израелското Движење на жената рече:**
**``Јас морам да се спротиставам дека нема главопокривање за жената(вело) во Еврејсвото``.**
**Ова изјава ни дава слика на суровите обвинувања и оштрите тенденции на Западот кон Исламот,според нивните зборови дека исламските практицни обврски се дел од западнотокултурно наследство.Потоа додаде Гвин Дајер:``Хебрејските и христијанските феминистки не би вршеле споредба никогаш не паѓат на иста категорија како што се простите муслимани``.**
**Не бев изненаден затоа што учесниците имаа такво негативно мислење за Исламот,а нарочито кога се зборуваше во брска со жената.Исламот според Западот е симболна насилство(непрабда)**

**кон жената.Појасно може да му се докаже ова на Западот,со полно примери на лошото однесувања,како што е и министерот на образование на Франција,покраината Волтер,кој наредил да бидат избркани од француските училишта сите млади муслиманки кои се покриени(со вело)!1)На една млада студентка во Франција да и се одзема правото на образување само затоа што носи шамија,а истовремено да не вреди тоа за христијаните кои носат крстот,или пак за хебреите кои носат нивното капче.Таа сцена која ја покажија француската полиција со спречување на младите девојки кои што носеа шамија за да влезат во училиште,не може да се заборава.Истотака ова не потсетува на една друга жалосна сцена слична на ова,со Гувернерот на државата Алабама,Џорџ Валас во 1962 год.,стоејќи пред вратата на едно училиште за да ги спречи да влезат сите ученици кои се од црната раса.Разликата помеѓѕ двете сцени е тоа што учениците од црната раса беа сожалени од повеќето луѓе во САД,и од целиот свет.**
**Претседателот Кенеди ја испрати Народната Стража на САД,за да им се овозможи на црната раса да влезат ако треба и со сила.На друга страна,ученичките муслиманки не добија никаква помош и подршка од никој.Како што изгледа,немале причина ниту малку,за да ги сожалат,ниту тие што се внатре во Франција,ниту пак тие од другите земји.Причината е прошириното лошо разбирање и страв на цел свет денеска,од сешто се однесува на Исламот.Тоа што повеќе ме правил љубопитен,се прашањата кои беа поставени во конференцијата која се оддржи во Монтреал:Дали зборовите на Саадаби и нејзините критики,се основани на живи факти?Со други зборови,дали Еврејството,Христијансвото и Исламот носат ист став во врска со жената?Дали тие се разликуваат меѓусебно во нивните прописи?Дали Хебреизмот и Христијансвото,навистина,нудат подобро третирање одколку што и нуди Исламот?Која е вистината?**
**Не е лесно да се бара и да се најде одговор за овие тешки прашања.Прва тешкотија е тоа што треба да бидеш фер и објективен или,најмалку,обиди се колку што можеш за да бидеш таков.Тоа не подучѕва Исламот.Кур`анот им наредува на муслиманите да ја кажат вистината,иако средината и блиските роднини не се слагат со тоа.**
**``И кога ќе зборувате,бидете праведни,па макар да се работи за вашата роднина``(Кур`ан 6-152).**

**``О верници,бидете постојани при правдината,сведочете заради Аллах,било да е тоа против вас или против родителите или против блиските,иако е богат или сиромав...(Кур`ан 4-135).**

**А другата голема тешкотија е огромната обширност на оваа тематика.Па и затоа,во текот на минатите неколку години,ми одземаше многу часа читајќи ја Библијата,Енциклопедијата на религиите,и хебрејската енциклопедија,барајќи ги одговорите на тие прашања.Истотака,прочитав неколку книги во кои се дискутираше за положбата на жените во различни вери и религии,напишани од познати научници,апологисти,и критици.Материалот на ова студија што е пред вас,претставува неколку поважни точки од ова скромно истражување.Јас не претендирам дека бев сосема објективен.Се тоа е знак на мојот ограничен капацитет(способност).Се што можам да кажам е дека јас се обидев,преку ова студија,да се предржам на кур`анскиот идеал кој не повикува да бидеме праведни во нашите зборови.**

**Би сакал во овој вовед да ви потенцирам дека не е моја цел на ова студија даги потценувам(деградирам) Еврејсвото и Христијансвото.**

**Како муслимани,ние веруваме дека двете вери имаат Божјо потекло.Никој не може да биде муслиман,ако не верува во Мојсеј и Јесус како најголеми пророци на Бога.Мојата цел е да го бранам и денонцирам Исламот од тоа што му се опишува,да правам едно корисно дело кое ќе му служи на Исламот,последната Порака од страна на Бога за целото човештво.Истотака би сакал да спомнам дека се воздржив само со Вероисповедот.Воглавно,зедов да ја обработувам положбата на жените во трите вери како што се интерпретира преку нивните веродостојни извори,а не пак како што се практикува,од милиони нивни следбеници,денес низ целиот свет.**

**Па затоа и,побеќето докази се земени од Кур`анот,зборовите на Пророкот Мухаммед,Библијата,Талмудот,и зборовите на најеминентните свештеници,кои имаат влијание и дадоа голем придонес во Христијансвото.Мојот интерес за да се наслонам на оригиналните извори,причина беше фактот што некои следбеници од лошо разбирање на верата,даваат лош изглед пред опинионот со нивното однесување.Повеќето од нив не можат разликуват меѓу култура и вера,пак други не знаат што се вели во нивните Свети Книги,а на трети не им интересира воопшто.**

# 1.Гревот на Ева

**Трите вери се слагаат во основната вистина и тоа дека обајцата,и мажот и жената се создадени од Господ,Создавач на целиот овој универзум.Меѓутоа,несогласноста започнува покасно,значи после создавање на првиот човек,Адам,и првата жена,Ева.Еврејско-христијанската верзија во тоа што се вели во врска со создавањето на Адам и Ева,е цитирано во детали во (Битие 2:4-3:24).Господ им забрани на двајцата да јадаат овошја од забранетото дрво.Змијата ја заведе Ева во грев,да јаде од тоа,а потоа Ева го измами и го заведе Адам во тој грев.**
**Кога Господ му се замери на Адам за тоа што направи,тогаш тој му префрли целата вина за тој грев на Ева.**
**``Човекот(Адам) рече:Жената(Ева) моја,Ти ми ја даде со мене,таа ми даде од дрвото,па јадев.потоа Господ и рече на Ева:Ќе ти ги умножам многу маките на твојата бременост,во маки ќе ги раѓаш децата.Твојот копнеж ќе биде кон мажот твој,а тој ќе владее над тебе.А на човекот му рече:Затоа што го послуша гласот на својата жена,таа јадеше од дрвото за кое ти заповедив велејќи:Не ќе јадеш од него!Земјата ќе е проклета заради тебе,во маки ќе се храниш од неа сите денови на својот живот!``(Битие 3:12-3:16-3:17).**
**Што се однесува на Исламот,во Кур`анот често пати се спомнува првото создавање на човекот,како на пример:**
**``О Адеме,живејте ти и жената твоја во Џеннетот,и јадете од каде што сакате и не приближувајте се кон ова стебло зашто ќе бидете меѓу зулумќарите!Па Шејтанот им шепна за да им го открие она што еденадруг им беше скриено,нивните срамни места,и рече:Господарот ваш ви го забрани ова стебло за да не станете мелеки или да не бидете за навек-и им се колнеше:``Јас сум,навистина,ваш советник``.И ги заведе со измамата.Бидејќи вкусија од стеблото им се покажаа нивните срамни места и почна да ги покриваат со џеннетско лисје.И Господарот нивни им рече:``Нели ви го забранив стеблото и нели ви реков дека Шејтанот,навистина,е вашиот јасен непријател!Рекоа:Господаре наш,сами себеси си направивме зулум иако не ни простиш и ако не ни се смилуваш,ќе бидеме,секако,меѓу поразените``(Кур`ан 7:19-23).**

**Жената во Исламот и во Еврејско-христијанската вероисповед (меѓу митологија и вистина)**

**Ако внимателно гледаме во овие две пренесени повести ќе наидеш на некои суштински разлики.Кур`анот,наспроти Библијата,им додели еднаква вина за гревот што го нанесоа двајцата,и Адам и Ева.Нигде во Кур`анот не можеш да најдеш дека Ева го натера на Адам да јаде од тоа дрво,или пак дека таа јадела пред него.Ева во Кур`анот не го измами ниту го нанесе да чини грев.Покрај тоа,не такво нешто што вели дека Ева е казнета за тоа што нанесе,со болките на родењето.Тоа многу јасно се кажува во Кур`анот дека нема никој да се казни за гревот на другиот.Двајцата,и Адам и Ева чинија грев ,потоа бараа од Господ да им опрости и Тој на двајцата им опрости.**

# 2.Наследениот грев на Ева

**Претставувањето на Ева како измамничка во Библијата се последува со една многу негативна слика на жената во Еврејско-христијанската традиција.Сите жени веруваат дека го наследиле гревот,вината за измама,од нивната мајка(Ева во Библија),што следи дека на нив не им се верува,и не се пофалени по морал.Менструациите,бременоста,и породувањето се сметат како казна за вечната вина која ќе ја носи проколнетиот женски род.За да видиме тоа појасно каква негативна слика и дава Библијата на Ева и нејзиното потомство,би требало да фрлиме поглед на записите запишани од најпознати учени теолози од Евреите и Христијаните.**
**Да започнеме со Стариот Завет и да земеме некои делови од ``Книгата на Мудроста``,во кое што гласи:**
**``Открив дека има нешто погорчливо од смртта-жената,чие срце е примка и мрежа,а рацете окови,кој Му е мил на Бога,ја избегнува,а грешникот ќе биде уловен од неа.Ете,тоа се го открив во се,вели Проповедникот.И уште барав.Но без успех.Најдов маж-еден меѓу илјада,а не најдов ниедна жена меѕѕ сите``(Проповедник 7:26-28).**
**Во друго место на Еврејските книшки,во Католичката Библија читаме:**
**``Нема гнев(злобност) што може да му стои близу на гневот(злобата) што ја носи жената.....Позадди секој греб стои жената,и заради неа ќе мора сите ние да умреме``(Проповедник 25:19,24).**
**Еден еврејски рабин ги наброи девет клетви на жените заради тоа што биле причина за Симнуванјето(од Рајот):**
**``Мора жената да биде проколнета девет пати пред нивната смрт:Маките од менструалната и девичната крв,тешкотиите на породувањето,маките за воспитување на децата,нејзината глава е покриена како да е стално во жалење,таа ги буши своите уши како роб или робинка кои му служат на господинот,не и се верува нејзе во сведочење,после се овие ја зема смртта``2).**
**До ден денеска,еврејските православци(ортодокси) во нивната утринска молитва се молат:``Заблагодарени сме на Господ,Владател на Вселената,што не ме створил жена``,а пак**

**жените,му се заблагодаруваат на Господ што ги створил како што сакал``.3)**
**Друга молитва е најдена во некои хебрејски книги збирка молитви:**
**``Заблагодарен да е Господ што не ме створил идолопоклонец.Заблагодарен да е Господ што не ме створил жена.Заблагодарен да е Господ што не ме створил незнајница``.4)**
**Библијската Ева играла многу поважна улога во Христијансво отколку во Еврејство.Нејзиниот грев е основа на целото христијанско верување,бидејќи тие веруваат во тоа дека причината за пророштвото на Исус во Земјата потекнува од самото непослушност на Ева према Господ.Таа направи грев,потоа го измами на Адам да иде по нејзиниот чекор.Како резултат на тоа,Господ и двајцата ги прогони од Небестата и ги намести во Земјата,која стана проколнета од тогаш заради нив.Им остана наследство тој грев,кој не беше опростен од страна на Господ,за сите што ќе се раѓаат потоа,така што значи дека секој човек се раѓа во грев(грешник).А да се очисти целото човештво од овој наследен(почетен) грев,Господ го жртвувал на Исус,кој се смета според нив син Бога,закојан во крст.Па затоа,Ева е одговорна за нејзината грешка,гревот на маж и,почетниот грев што го наследи целото човештво,и смртта на син Бога.Со други зборови,една жена беше причина за симнувањето и новиот престој во Земјата,за целото човештво.5)А што за нејзините ќерки?И тие се грешнички како таа и ќе бидаат третирани како такви.Само слушни го оштриот тон на Свети Павле во Новиот Завет:**
**``Жената да се учи во тишина и во секаква покорност!А на жената не и дозволувам да поучува,ниту да господари над мажот,туку да биде мирна.Зашто,прво беше создаден Адам,потоа Ева.И Адам не беше измамен,туку жената беше измамена и падна во престап``(Тимотеј I 2:11-14).**
**Свети Тертулиан уште пооштар од Свети Павле,додека тој им се обраќаше на`своите сакани сестри` по вера,тој рече:``Дали знаете дека секоја од вас е Ева?Тоа што ви е пресудено од Господ на вас,сеуште трае во животот,како што и вашиот грев.Вие сте врата низ која влегува Ѓаволот,вие сте укинувачки на законот за забранетото дрво,вие сте првите што покажавне непослушност кон Божјиот Закон,вие сте тие што го измамивте на Адам,кого Ѓавотот не можеше да зема храброст да го нападне и измами.Вие бевте што**

**ја срушивте врската меѓу Господ и човекот,и вие бевте причина за умирањето на Син Бога``.**
**Свети Августин беше искрен за тоа што верува за наследениот грев на своите предци,и тоа го изјасни кога му напиша на еден свој другар:``Каква разлика има меѓу жена и мајка,таа сеуште е Ева,измамничка,и затоа ние мора да препазиме од сите жени(без разлика).....Не можам сеуште да разбирам која е користа на жената кај мажот,ако само еден исклучок правиме,и тоа е нејзината функција за раѓање деца``.**
**Неколку века покасно,Свети Томас Аквинас сеуште ги смета жените како неисправни,непотполни:``Ако гледаме на самата природа,ќе видиме дека жените се неисправни и некорисни,додека моќта на мажот се потрудува да произведува добар изглед полн со машкиот род,додека женското производење дие со недостаток на моќта и некои телесни и сетилни аномалии``.**
**И на крај,познатиот реформист Мартин Лусер не греда никаква корист на жената освен тоа што раѓа деца колку што може без да и интерсира што после тоа:``Ако се уморат или пак умираат,ич не ни е гајле за тоа.Нека си умираат во породување,затоа се тие овде(во Земјата)``.**
**И така,стално жените се затемнети заради сликата на Ева Измамничка,и како таква се спомнува во Битие во Библијата.Кратко речено,Еврејско-христијанската вероисповед,што се однесува на жените,таа е отруена со верувањето за гревоносната природа на Ева,и сите жени кои ќе го наследаат тоа.Ако ние го свртиме нашиот поглед,да видиме што вели Кур`анот околу жените,тогаш накрај ќе дојдеме во заклучок дека исламското мислење е радикално различен од тоа хебреско-христијанско.**
**Нека зборува Кур`анот сам за тоа:**
**``И за послушните мажи и за послушните жени,и за верниците и за верничките,и за потчинетите мажи и за потчинетите жени,и за искрените мажи и за искрените жени,и за трпеливите мажи и за трпеливите жени,и за понизните мажи и за понизните жени,и за мажите кои даваат милосрдие и за жените кои даваат милосрдие,и за мажите кои постат и за жените кои постат,и за мажите кои ги чуваат срамните места и за жените кои ги чуваат срамните места,и за мажите кои го спомнуваат Аллаха многу и за жените кои го**

**спомнуваат Аллаха многу...за сите нив Аллах подготви и прошка и награда голема,навистина!``(Кур`ан 33:35).**
**``Верниците и верничките се заштитници еднисодруги,наредуваат добро и одвраќаат од зло,клањаат намаз и даваат зекат и послушни се и на Аллах и на Пејгамберот Негов.Аллах ним ќе им се смилува.Аллах,навистина,е Силен и Мудар!``(Кур`ан 9:71).**
**``И Господарот нивни,тогаш,им возврати на молбата нивна:`Не ќе го поништам,навистина,делото на оној кој ќе го направи од вас,било машко или женско,зашто вие сте еднизадруги`...``(Кур`ан 3:195).**
**``Кој ќе направи зло ќе биде казнет соодветно на тоа,а кој,пак,ќе направи добро,било да е машко или женско,а верник е... па оние ќе влезат во Ценнетот во кој ќе бидат снабдени без мера!``(Кур`ан 40:40).**
**``Кој ќе направи добро дело,било да е машко или женско,е верник,и Ние ќе му дадеме,сигурно,добар живот,и ќе ги наградиме,сигурно,со награда уште поубава од она што го работеа``(Кур`ан 16:97).**
**Многу јасно се гледа дека Кур`анското опишување потврдува дека нема разлика меѓу машкото и женското.Тие,и двајцата,се створени од Господ,кои имаат своја крајна цел зашто се во земјата,и тоа е за го обожаваат нивниот Господар,да прават добри дела,и да одбегнуваат од злото,и соодветно на сето тоа ќе бидат проценети.Кур`анот никогаш не спомнува дека жената се вратата на Ѓаволот низ кое влегува,ниту дека е измамничка од самата природа.Кур`анот,истотака,никогаш не спомнува дека мажот е фигура(лик) на Господ во Земјата,туку само тоа дека,и мажите и жените,се Божји сворења,и ништо друго.Спрема Кур`анот,женската улога во Земјата не е ограничена само со породување.Од нејзе се бара да направи добри дела,исто како што се бара и од мажот.Кур`анот никогаш не вели дека не постоело некогаш исправни жени во светот.Наспроти тоа,Кур`анот им наредува на сите верници,било тие мажи или жени,за да се следи примерот на тие идеални жени кои се знаат во историјата,како што е Девицата Марија и жената на Фараонот:**
**``И Аллах го донесе примерот за оние кој веруваа:Жената на Фараонот,кога рече:`Подигни ми куќа,Господаре Мој,во близината Твоја,во Ценнетот,и спаси ме од Фараонот и од делото негово,и спаси ме од народот зулумќарски!`**

**Жената во Исламот и во Еврејско-христијанската вероисповед (меѓу митологија и вистина)**

**И,Мерјем,ќерката на Имран,која ја сочува невиноста своја,и во која вдахнавме од Духот,од страна Наша,и која беше една меѓу потчинетите на Аллах!``(Кур`ан 66:11-12).**

# 3.Срамоносните ќерки

**Де факто,разликата помеѓу библијскиот и ку`анскиот став во врска со женскиот пол,започнува од самото нејзино раѓање.На пример,Библијата одредува дека периодот на ритуалната нечистота кај мајката е двапати подолга ако родила женско во однос на тоа ако родила машко (Левит 12:2-5).Во Католичката Библија стои многу јасно кажано:``Раѓањето на една ќерка е пропаст-губиток( за своето семејство)``(Ecclesiasticus 22:3).Во контраст на овој шокантен став,синовите се посебно добродојдени:``Човек кој го воспитува својот син,сите непријатели ќе му завидуваат``(Ecclesiasticus 30:3).**

**Еден еврејски рабин ги задолжи сите евреии за да се множаат за да ја шират нивната раса.Во исто време,тие не го кријаат таа желба,за да им се роди машки деца:``Блазе ними чиј деца им се машки,но лошо ними чиј деца им се женски``,``Со раѓањето на машко,сите се радосни...а со раѓањето на женско сите се разтажени``,и ``Со доаѓањето на машкото во овој свет,доаѓа мирот со него...Со доаѓањето на женското,ништо не доаѓа со неа``.7)**

**Ќерката се смета голема тежина,оптеретување,извор на срамот,кој ќе го носи татко и:``Твојата ќерка е твдоглава?Внимавај на неа,да не те прави подсмеан пред твоите непријатели,и да си центар на озборувања,клевета,мрморење,и да бидеш осрамен пред народот``(Ecclesiasticus 42:11),``Држете те ја трдоглавата ќерка под строго јака контрола,ако не чините така,таа ќе злоупотреби секое попустливост(угодување) што ќе и дојде пред неа.Држи ги во строго набљудување нејзините безсрамни очи,и не биди изненаден ако случајно таа те осрамоти тебе``(Ecclesiasticus 26:10-11).**

**Во иста смисла беа третирани ќерките кај старите арапи идолопоклонци пред доаѓањето на Исламот,како извори на срамот,која го покажуваа со тоа што ги закопаа живи нивните новородени ќерки(чедоморство-чедоубиство).**

**Кур`анот остро го осудува нивното гадно дело:``И кога некому од нив ќе му се дојде вест дека добил женско,лицето негово ќе го прекрие сенка црна и се огорчува,се крие од луѓето заради лошата вест која му е донесена,дали да го остави во живот па да биде понижен или,пак,дали да го закопа в земја.Е,само колку е лошо просудувањето нивно?``(Кур`ан 16:58-59).**

**Важно е да се спомнува дека овој суров злостор немаше да престане во Арабија никогаш,ако не доаѓаше К ур`анот,за да им покаже моќта на правдината,дека нема разлика меѓу машкото и женското,и да го осуди овој суров чин (Кур`ан 16:59,43:17,81:8-9).Спротивно од библијскиот став,Кур`анот го смета раѓањето на женско дете,како дар и благослов од Господ,исто како и за раѓањето на машко дете.Кур`анот,дури и ја спомнува првин неа,каде се спомнува дека е Божји дар:``Власта и на небесата и на Земјата е-Аллахова!Аллах со посак Свој создава.Кому сака подарува женски деца а кому сака подарува машки деца``(Кур`ан 42:49).**
**За да се уништат сите траги на женското чедоубиство(чедоморство) во новото муслиманско општесво,Пророкот Мухаммед им вети на оние кои се благословени со ќерки,дека ќе бидаат многу наградени ако се однесуваат добро со нив:``Кој е врзан(сложен) со воспитувањето на ќерките,и добро се однесува со нив,тие ќе му бидат заштита од пеколскиот оган``(Букхари и Муслим),``Кој се загрижува за две девојки се додека постигнуват пубертет,тој во Кијаметски Ден ќе биде до мене како овие две,и покажа тоа со двата прста``(Муслим).**

# 4.Образување на жената

**Разликата помеѓу Библијскиот и Кур`анскиот став во врска со жената не се ограничува само за периодот на раѓањето на женското дете,туку тоа се разшири и подалеку од тоа.**
**Сега,да почнеме да споредиме нивните ставови околу жената која има вољја и се обидува да ја учи својата вера.Срцето на Евреисвото е Торах,законот.Покрај тоа,според Талмуд,``жените се ослободени (од должноста) за да го учат Торах``.Некои еврејски рабини остро се изјаснија за тоа:``Нека бидат запалени со оган зборови на Торах,е подобро,отколку да им се дава(дели) на жените`` и ``Кој ја учи ќерка му Торах е скоро исто како тој да ја учи нејзе срамен чин``.8)**
**Ставот на Свети Павле во Новиот Завет не е посјајно од предходниот:``Жените да молчат во црквите,затоа ним не им е дозволено да зборуваат,туку да се покоруваат,како што вели Законот.Ако сакаат да научат нешто,нека ги прашаат своите мажи дома,зашто е срамно жената да зборува во црква``.(I Коринтијани 14:34-35)**
**Како може една жена да научи нешто,ако не и се дозволува да зборува?Како може една жена да се гради интелектуално,ако таа е обврзана да биде секогаш во потполна покорност?како може таа да ги шири своите хоризонти на знаењето,ако таа го има само мажот дома единсвен извор за информации?**
**Сега,за да останеме фер,да поставаме прашање:Дали Кур`анскиот став се разликува од овој?Една кратка случка се прикажува во Кур`анот,во која накратко се искажува Кур`анскиот став.Кхавлах беше една муслиманка,чиј маж Авс во време кога бил залутен на неа,и рекол овие зборови:``Ти си за мене(забранет) како позадината (грбот) на мајка ми``.Овој израз било употребено кај Арапите многубожци во тоа време,во смисла на развод,која ги ослободуваше нив од сите брачни одговорности но не смеела таа да ја напушти брачниот дом или пак да се омажи за друг.Откако ги слушнала овие зборови од мажот,Кхавлах беше во мизерна ситуација.И право отиде кај Пејгамберот,Мухаммед за да му разкаже случајот.Пејгамберот ја посовети неа за да биде трплива за тоа што се случило,додека се знаело во тоа време дека нема друго решение за тоа.Но,Кхавлах продолжи да дискутира со Пејгамберот,обидувајќи се како да го спаси нивниот брак.За**

**кратко време,Кур`анот навлезе и ја примаше разправата на Кхавлах.Божјиот закон дојде со укинување на овој неправеден обичај.Едно цело поглавје (Поглавје бр.58) во Кур`анот,носи името ``Ал-Муџаделе`` или ``Жената која расправаше``,за која причина беше и именувано:**
**``Аллах,секако,го слушна зборот на таа која расправаше со тебе за мажот нејзин и која расправаше со тебе за мажот нејзин и кој се жалеше на Аллах.аллах ја слушна расправата ваша.Аллах,навистина,е Слушач,и Гледач!``(Кур`ан 58:1).**
**Една жена според Кур`анскиот став,има право да дискутира и расправа па дури и ако е таа расправа и со самиот Пејгамбер.Нема никој право да и нареди да молчи.Таа не е задожена за да го смета својот маж како единсвен на кој може да му се обраќа за одговор на секоја мака,било да се однесува на законот или верата.**

# 5.Нечисти развратни жени

**Евреските закони и уредувања содржат строги ставови во врска со жената во менструации.Стариот Завет ја смета секоја жена во менструации како нечиста и развратна,со што и ги гади другите околу неа.Освен тоа,нејзината нечистота `ги инфектира` другите истотака.Секого или сешто таа ќе допира станува нечисто цел ден:``Кога жената има крварење,излив крв од своето тело,нека остане во својата нечистота седум дена,кој ќе ја допре неа,нека биде нечист до вечерта.На што и да легне,за време на својата нечистота,нека е нечисто,на што и да седне,нека е нечисто.**
**Кој ќе ја допре нејзината постела,нека ја испере својата облека,нека се искапе во вода и нека остане нечист до вечерта.**
**Кој ќе допре било каков предмет на кој што седела таа,нека ја испере својата облека,нека се искапе во вода,и нека остане нечист до вечерта.**
**А ако се допре до нешто што било на нејзината постела или на предметот на кој што седела таа,нека е нечист до вечерта``.(Левит 15:19-23)**
**Заради тоа што има таква `заразна` природа,понекогаш беа и `протерана-прогонета` за да се одбегнува секоја можност за имање контакт со неа.Ја носат во една посебна куќа,која се вика ``куќа на нечистота``,се додека ќе биде нечиста во менструации.9)Талмуд ја смета жената во менструации како ``фатална-смртоносна`` дури и без да има некој физички контакт:``Нашите рабини рекоа:....ако жена во менструации поминува меѓу двајца(мажи),а таа е во почетокот на менструациите,тогаш таа ќе го усмрти едниот од двајцата,а ако таа е на крај на менструациите,таа ќе ги доведе нив во кавга,да се скраат меѓусебе`` (bPes. 111a.)**
**Освен тоа,на мажот кој ја има жената во менструации му сезабранува да влезе во синагога,ако станал нечист од нејзина страна,дури и со прашината под нејзините стапала.Ако жената,ќерката, или мајката на еден свештеник е во периодот на менструации,тој свештеник не може тие денови да дава свештенички благослови во синагога.10)Не е чудно што многу евреинки сеуште менструацијата ја нарекуваат како ``проклета``.11)**
**Исламот не ја смета жената во менструации дека поседува некаква ``преносувачка нечистота``.Ниту пак да вели дека е**

**``недопирлива`` и ``проколнета``.Таа ги обавува своите должности нормално во животот,со исклучок на тоа дека на брачниот пар не им се дозволува да имат сексуален контакт за време на менструациите,додека сите други физички контакти им се дозволени.Жената во менструации е ослободена од некои верски обреди како што се дневните молитви(намази) и постењето,се додека е во менструации.**

# 6.Посведочење на жената

**Друга тема во која не се слагаат Кур`анот и Библијата е во врска со посведочење на жените пред суд и слично на тоа.Точно е дека Кур`анот ги поучува тие верници кои склучуват договор за купопродажба за да имаат с себе двајца мажи сведоци или ако не е во можност тоа,тогаш еден маж и две жени (Кур`ан 2:282).И покрај тоа,тсотака е точно дека во други случаеви се прима сведочењето на жената исто како од мажот.Де факто,има случаеви кога сведочењето на жената може и дури да го обезвреднува и поништи сведочењето на мажот.Ако мажот ја обвинува својата жена за неверство,Кур`анот бара од него да се заколне сериозно пет пати како доказ за виновноста на жена му.Ако пак жената одбива дека е виновна и се заколнува исто пет пати,одтогаш не се смета како виновна и во двете случаи бракот ќе биде разкинет (Кур`ан 24:6-11).**
**Во друга страна,во раното еврејско општесво,не им било дозволено на жените да посведочат.12)Рабините ги сметаат жените како неспособни за да посведочат позади сите тие девет клетви кои ги снајдесекоја жена заради Симнувањето (види во поглавјето ``Наследениот грев на Ева``).Жените,и ден денеска во Израел,не смеат да носат докази затоа што им се суди во рабинските судови.13)Рабините го оправдуваат тоа зашто жените не можат да посведочат,и тоа е наведено во Битие 18:9-16,каде што стои дека Сара,жената на Абрахам лажела.Рабините тоа го сметат овој инцидент како доказ дека жените не можат да посведочат.Важно е да се спомнува дека истата случка се наведува не само еднаш во Кур`анот,само што не ја опишува Сара како лажливка (Кур`ан 11:69-74,51:24-30).Кај западните Христијани,ни верскиот ни цивилниот закон не им дозволувал на жените да посведочат,и тоа до касно,односно на крајот на минатиот век.14)**
**Ако еден маж ја обвинува својата жена за неверство,нејзиното сведочење никако нема да биде примено,според библијските прописи.Обвинетата жена треба да се воздржи на таа судска постапка со тешко искушение.Во ова судска постапка,жената се соочува со комплексен и понижечки обред кој е претположен за да докаже нејзината виновност или невиност (Броеви 5:11-31).Ако таа**

се најде дека е виновна по тоа тешко искушение,тогаш таа ќе биде пресудена со смрт.А ако таа се најде дека не е виновна,нејзиниот маж ќе остане невин и не му се суди зошто ја обвинел неа.
Покрај тоа,ако еден маж ја зема некоја жена за своја сопруга и потоа ја обвинува дека не е девица,нејзиниот збор во сведочење нема да вреди.Нејзините родители требат да носат докази за нејзина девственост,пред да носат старешините на градот.Ако родителите не можат да ја докажат невиноста на ќерка им,тогаш таа ќе биде каменувана до смрт,пред прагот на вратата на татка си.Ако родителите успеат да ја докажат нејзината невиност,тогаш маж и треба да плаќа стотина сребреници,и не би смеел да ја разведе за цел живот:
``Ако некој маж земе жена и влезе при неа,но ја замрази потоа,и припише неубавини и ја озлогласи,велејќи:`Се оженив со неа ама кога и пристапив,не ги најдов во неа знаците на девственоста`,тогаш таткото и мајката на девојката нека го земат доказот на девственоста на девојката,па нека го изнесат пред градските старешини при вратата.
Потоа таткото на девојката нека им проговори на градските старешини:`На овој човек му ја дадов ќерка си за жена,ама ја замрази.Затоа и припишува се што е грдо и тврди:`Не ги најдов во твојата ќерка белезите на девственоста`.Но,еве ги девствените знаци на мојата ќерка!`И нека ја разпрострат облеката пред градските старешини.
Тогаш старешините на оној град нека го земат мажот и нека го казнат,затоа што раширил лош глас за една израелска девица,нека го казнат со глоба од стотина сребреници па нека му ги дадат на таткото на младата жена.И таа нека му биде и натаму жена,да не може да ја отпушти додека е жив.Но ако обвинението-дека не се најде девственоста во младата жена-биде вистина,нека ја изведат девојката при куќната врата на нејзиниот татко,па луѓето на нејзиниот град нека ја засипувааат со камења,додека не умре,зашто направила срам во Израел,предавајќи му се на блудот во татковиот дом.Така ќе го откорнеш злото од својата средина``.(Второзаконие 22:13-21)

# 7.Прељуба(браколомство)

**Прељубата се смета како грев во сите вери и религии.Библијата одредува смртна пресуда за двајцата,и за прељубникот и за прељубницата.**
**``Човекот кој ќе прељубодејствува со мажена жена,кој ќе изврши прељуба со жената на својот ближен,нека биде казнет со смрт,и прељубникот и прељубницата``(Левит 20:10).**
**Исламот истотака ги казнува во еднаков начин и прељубникот и прељубницата.**
**``На блудницата и блудникот,одделно,удрете им по сто корбачи.Во верата Аллахова,доколку верувате и во Аллах и во Денот суден....``(Кур`ан 24:2).**
**Меѓутоа,кур`анската дефиниција за прељубата е поразлично од таа библијската.Прељубата,според Кур`анот,е вклучење на вонбрачна врска женет маж и мажена жена.Додека Библијата вели дека прељуба се врши само од страна на мажената жена,и само тоа може да се смета за прељуба.(Левит 20:10, Второзаконие 22:22, Пословици 6:20-7:27).**
**``Ако некој маж биде најден како лежи со жена мажена за друг,двата-и мажот кој лежеше со жената и самата жена-нека бидат погубени.Така ќе го откорнеш злото од Израел``(Второзаконие 22:22).**
**``Човекот кој ќе прељубодејствува со мажена жена,кој ќе изврши прељуба со жената на својот ближен,нека биде казнет со смрт,и прељубникот и прељубницата``(Левит 20:10).**
**Според библијската дефиниција,ако еден женет маж спие со една неомажена жена,тогаш тоа не се смета воопшто за блуд.Женет маж кој има вонбрачна врска со неомажена жена,тој не е блудник и таа женакоја е вмешана со него не е блудница.Прељубата како злодело се извршува само кога еден маж,било да е женет или не,спие со омажена жена.Во овој случај,мажот се смета прељубник,дури и ако не е женет,и жената се смета прељубница.Во кратко речено,прељубата е забранета вонбрачна врска во која е вмешана омажена жена,во кое не се смета за блудник оженетиот маж во Библијата.Зошто е ова двојна морална нормативa?Според Енциклопедијата на евреите,жената се смета сопственост на мажот,па и затоа прељубата нанесува насилство на таа**

**ексклузивно право која го има тој спрема неа,и заради тоа што таа е негова сопственост,тогаш и паѓа нејзе тоа право према него.15)Тоа е,ако еден маж има сексуален однос со една омажена жена,тој со тоа врши насилство врз сопственоста на друг маж,и заради тоа тој би требало да биде казнет.**
**До ден денеска во Израел,ако еден оженет маж се препушти во една вонбрачна врска со една немажена жена,тогаш своите деца од таа жена се сметат законски негови.Но,ако една омажена жена е вмешана во врска со еден маж,било да оженет или не,,нејзините деца од оној маж,не само што не и припаѓат законски,туку и ги сметат вонбрачни деца(од блуд) и им се забранува да склучуват брак со Евреити освен само со отпадник или друго вонбрачно дете како него.Ова забрана продолжува со нив,се до десето колено(генерација) дур да се смалува приближно ова злодело која е наследено т.е. прељубата(блудот).16)**
**Кур`анот,во друга страна,никогаш не ги смета жените како сопственост на своите мажи.Кур`анот тоа го опишува брачната врска многу јасно со овие зборови:**
**``А од знаменијата Негови е и тоа што од вас Он создаде жени за да најдете смирна во нив.И меѓу вас определи и љубов и милост.Ете,во тоа,,навистина,има знаменија за луѓето кои размислуваат!(Кур`ан 30:21)**
**Ова е кур`анскиот опис за во врска со следните елементи во тоа:љубовта,милоста,и смиреноста а не никако како жени во сопственост или пак двојни нормативи(стандарди).**

# 8.Заклетва (завет)

**Според Библијата,мажот мора да го исполни заветот кој го дал спрема Господ.Па и затоа не може да го прекрши зборот што го дал.Во друга страна,заветот на жената не мора да биде исполнето.За тој завет,треба да даде одобрение татко и,ако не е омажена,а маж и,ако таа е омажена.Ако еден татко/маж не го одобрува и не го пофали тој завет од својата ќерка/жена,тогаш секој завет што го дала ќе биде поништен и безначаен:**
**``Ако некој човек направи завет или ако се обврзе со заклетва дека ќе се одрече од нешто,нека не ги нарушува своите зборови,нека исполни се што излегло од неговата уста!**
**Ако некоја жена Му направи завет на Господа и ако се обврзе дека ќе се откаже од нешто уште додека е млада,во татковиот дом,а татко и научи за заветот и за ветувањата со кои се обврзала па не и рече ништо,тогаш се полноважни сите нејзини завети и полноважно е секое нејзино ветување со кое се обврзала.**
**Но ако татко и,кога ќе чуе,и забрани-никаков нејзин завет,ни нејзиното ветување со кое се обврзала,нема важност.Господ ќе и прости,зашто татко и и забранил..... Секој завет и секое заклетвено заречување,за смирување на душата,нејзиниот маж може да ги потврди или да ги поништи``. (Броеви 30:2-15).**
**Зошто да не може да се обврзува зборот на жената самостојно?Одговорот е едноставен јасен дека таа пред да се омажи е сопственост на татко и,а после тоа е сопственост на маж и.Татковата моќ и совладување над неа беше до тој степен што,ако тој би сакал да ја продаде,би го направил тоа!Тоа го означуваат и записите на рабините дека:``Мажот-таткото смее да ја продаде ќерка му,но жената-мајка и не смее да ја продаде,таткото смее да ја свршува за некого својата ќерка,а мајката не смее да ја сврши неа``.17)Истотака во рабинската литература се спомнува дека венчавката претставува еден трансфер на тоа совладување и надзор од таткото кај маж и:``веридбата,ја чини жената неприкосновен(свет) имот—ненасилна сопственост—на својот маж...``.Како што се гледа,ако жената се смета да е сопственост на некој друг,тогаш таа не смее да прави завет во случај кога нејзиниот сопственик не и дал одобрување за тоа.**
**Важно е да се спомнува дека ова библијско поучување,вклучувајќи го и заветот на жената имало негативни одгласи-реперкусии кај**

**Еврејско-христијанските жени до почетокот на овој век.Омажена жена во Западниот свет нема никаков законски статус.Нејзината постапки и одлуки немаат никаква законска вредност.Мажот може да го отфрли и поништи секој договор,купопродажна спогодба или некоја друга зделка која ја склучила.Жените во Запад (најголемо наследство на Еврејско-христијанското имотно наследство) остануваат неспособни да обврзува договори од нивна страна затоа што тие практично се под нечија сопственост.Западните жени настрадале за скоро две илјади години заради овој библијски став кој се однесува на положбата на жените наспроти нивните татковци и мажи.18)Во Исламот,заклетвата на секој муслиман,било машко било женско,станува обвска за него/неа,која треба да го прави.Никој нема право да ги пониишти ветувањата на некој друг.Ако некој ќе препушти и нема да се воздржи во тоа што има заветено,било да е маж или жена,тогаш ќе треба да даде искуп-кефарет,како што е наведено во Кур`анот:**

**``Аллах не ве казнува за вашите ненамерни заклетви,но ве казнува за вашите намерни заклетви.Откуп за ова е да се нахранат десет сиромаси со она со што вие нормално ги храните семејствата ваши,или да ги облечете или роб да ослободите.Ако некој нема,тогаш,нека пости три дена.Ова е откуп за заклетвите ваши кога ќе се заколнете.Па,тогаш,чувајте ги заклетвите ваши.Ете,така Аллах ви ги објаснува ајетите Свои за да бидете благодарни``(Кур`ан 5:89).**

**Другарите на Пејгамберот Мухаммед (а.с.),мажи и жени,ги приврзуваа лично нивните заклетви кај Пејгамберот.Жените,баш исто како и мажите,самите идеа кај Пејгамберот и ги дават нивните ветувања-заклетви:**

**``О пејгамберу,кога ќе ти дојдат верничките да ти положат заклетва:-дека ништо на Аллах нема да Му здружуваат,дека нема да крадат,дека нема да прават блуд,дека нема да ги убиваат децата свои,дека нема да измислуваат клевети,дека туѓите деца се нивни,дека нема да бидат непослушни во доброто...тогаш,прифати ја заклетвата и барај прошка за нив од Аллах.Аллах,навистина,е Простувач и Сомилосен!``(Кур`ан 60:12).**

**Еден маж/татко не може да даде заклетва за својата жена/ќерка.Ниту пак не може да ги поништат и обезбреднуват заклетвите кои би ги дале некој од нивните женски роднини.**

# 9.Сопственоста на жената

**Трите вери делаат едно јасно и убедливо мислење и верување што се однесува до важноста на бракот и семејниот живот.Тие истотака се слагаат во тоа дека мажот е поглаварот на секое семејство.Како и да е,тука постојат многу јасни разлики помеѓу овие три вери,што се однесува до рамките под кои му е дадено тоа поглаварство на мажот.Еврејско-христијанската традиција,за разлика од Исламската,фактички му даваат на мажот толку голема власт над жената,до тој степен што излегува од поглаварство во сопственииштво.**
**Според еврејската традиција,мажот ја поседува својата жена,исто како што тој го поседува својот роб.19)Овој нивен став е причина за двојниот стандард во законите за прељуба,и законие за умеење на мажот да ги поништи заветите на жена му.Ваквиот став истотака носи одговорност на тоа што мажот го одрекнува секое право што го има жена му на своето богатство или добиток.Една евреинка штом ќе се омажи,таа губи секоја власт што го има над своето богатство и добиток,кое ќе му биде предаадено на маж и.Еврејски рабин го потврдува тоа дека мажот има потполна власт над нејзиното богатство исто како што има над неа.20)Така што,на овој начин ова ја чини најбогатата жена да стане најсиромасна.Талмуд ни го опишува финанциарната ситуација на жената како што следи:**
**``Како една жена да поседува нешто,сешто таа ќе поседува му припаѓа на маж и?Сешто е негово е негово,а сешто е нејзино пак е негово......Сешто ќе предобива,или ќе најде по пат,се се негови.Домашните предмети,па дури и трошките на левот што остануват во масата,се негови.Ако таа би поканила дома некого за гостин и му дава да јаде,тогаш таа краде од тоа што поседува маж и...``(San. 71a,Git. 62a).**
**Фактично,проблемот стои до тоа дека сопственоста на жените евреинки предизвикува привлечност кај оние кои ги бараат да се оженат со нив.Еврејското семејство и отстапуват еден дел од татковиот имот,кое ќе служи како откупнина за кога ќе се омажи.Баш ова откупнина или брачен дар од страна на семејството,ја прави еврејската ќерка една недобродојдена мака за таткото.Таткото е задолжен да ја расте ќеркаси неколку години а потоа да ја спрема за мажење,со тоа што ќе и даде голема**

**откупнина-мираз.На овој начин,девојката во еврејското семејство е само одговорност,пречка,мака,и безвредна.21)Тоа ни означува причината зошто не се радуваат кога ќе се роди женско,и не е добродојдена во старото еврејско општество (види поглавје ``Срамоносните ќерки``).Таа откупнина-мираз е брачен дар која му се дава на младоженецот која претставува земење под закуп.Мажот дејствува каке еден поседувач на откупнина што ја зел,само што нема право да ја продаде тоа.Невеста губи секое право на власт над таа откупнина.Освен тоа,од нејзе се очекува да работи по венчавката и целата работувачка ќе му иде на маж и,затоа што тој го носи одговорноста за нејзините трошоци.Таа може да го придобие својата сопственост само во две случаеви:развод или смртта на нејзиниот маж.Ако таа умира прва,тој наследува нејзиниот имот.Во случај ако умре мажот прв,таа придобива само претбрачната имовина т.е. миразот,но таа нема никакво право да наследи нешто од неговата имовина.Треба да се додаде и тоа дека младоженецот и подарува на невестата брачен дар,но и пак тој ке биде вистински сопственик на тој дар,се додека се во брак.22) Христијансвото,до касно,го следеше истиот еврејски обичај.И верскиот и цивилниот надлежен закон во христијанската Римска Империја(после Константин) барале имотен договор како услов на признавање и уверување на венчавката.Семејствата им понудуват на своите ќерките за да ги покачат откупнините-миразите,и тоа е резултат,што мажите трчат што побргу да им просат рака на младите девојки,додека семејствата го закаснуват одговорот,и не ги дават до покасно,како што било вообичаено.23)Според законот на црквата,на жената и се враќа откупнината нејзина ако бракот се укинува,освен ако таа не е обвинета за прељуба.Во тој случај,таа се откажува од нејзиното право на откупнината-миразот,која останува во рацете на маж и.24)Според цивилниот и црквениот закон,омажената жена во Европа и Америка кај христијаните,ги изгубила своите права на поседување богатство до последните години од XIX век и првите години на XX век.На пример,правата на жените според Англискиот закон беа доставени и публицирани во 1632 година.Еден од овие законски `права` гласи вака:``Сешто поседува мажот тоа е негово,а сешто поседува жената му припаѓа на сопственоста на мажот``.25)Жената не само што го губи правото на сопственишство со самиот брак,туку и го губи индивидуалноста и својата личност.Не се признава и не се вреднува со закон никоја**

**постапка,чин или дело што таа го извршила.Маж и може да одрекува и да не признава секоја продажба или подарување,со што се разбира дека немаат тие дела законска вредност.Личноста со кој таа вршила спогодба,ќе биде сметан како злочинител затоа што соработил со неа и бил соучесник во измама.Освен тоа,таа не може да покренува постапка во суд во свое лично име,ниту пак да покренува постапка против својот маж.26)Омажената жена фаткички била третирана како малолетно дете според законот.Жената,просто речено,му припаѓа на маж и,и затоа таа изгубила своета сопственост,својата законска личност,и своето семејно име.27)**

**Исламот,веќе од VII век,и подари на омажената жена посебна самостојна личност,која го наоѓаме многу касно во еврејско-христијанскиот Запад.Во Ислам,невестата или своето семејство не се задожни да дават било нешто за брачен дар на младоженецот.Девојката во едно муслиманско семејство не носи некои маки и одговорности.Жената е мошне достоинствена и величествена според Исламот дека од нејзе не се бара да даде брачен подарок,а со тоа ги привлекува оние кои што и просаат рака за да се оженат со неа.Наспроти тоа,младоженецот е тој кој е задолжен да и подари нејзе брачен дар.Овој дар се смета како нејзина лична сопственост со тоа што ни маж и ниту пак нејзиното семејство немаат никакво право на тој подарок.Во некои муслимански општества денес,брачниот дар постигнува до сто илјади долари во диаманти,со кое нема што да се чудиме.28)Невестата го држи својот брачен дар дури и ако биде разведена.Сопругот нема право на власт на се тоа што поседува својата сопруга,освен тоа што ќе му биде понудено од нејзина страна.29)Кур`анот го објаснува таа позиција кој ја носи жената со следното:**

**``И дајте им ги на жените нивните венчални подароци,и треба да биде од се срце.Ако лично им се допадне и ако сакаат да ви подарат нешто од тоа,земете го и трошете го.Тоа е нешто што е дозволено и убаво``. (Кур`ан 4:4)**

**Сопственоста на жената и тоа што ќе заработи кога ќе спечали,се тоа богатство е потполно на своја власт и контрола,и може да ги искористи како што сака таа,а децата и семејните трошоци се одговорност на мажот.30)Колку и да е богата жената,таа не е задолжна да постапува како согрижител илида му помага на мажи**

**за одржување на семејството,само ако таа одлучи доброволно да го чини тоа.Брачниот пар се наследуваат еден со друг.Освен тоа,според Исламот,жената кога се мажи ја држи својата самостојна личност и своето семејно име.31)Еден американски судија,еднаш кога ги коментираше правата што ги има една муслиманка,рекол:``Една муслиманка може да се омажи десет пати,но нејзината индивидуална личност нема да биде впивана од тоа што се вмешала со разни мажи.Таа е како една топла планета(сонце) која носи свое име,законска личност за се што поседува``.32)**

# 10.Развод

**Трите вери имаат значителни разлики во нивните ставови што се однесува до разводот.Христијансвото тоа го забранува воопшто.Новиот Завет јасно го брани тој став дека бракот е нешто што не пропаѓа.Му се препишува на Исус дека рекол:``А јас ви велам дека секој,кој ја остава својата жена,освен за прељуба,ја прави да врши прељуба,и кој се оженува со така напуштена,врши прељуба`` (Матеј 5:32).Ова безмилосна и неумолива идеја,без сомнение,е нереална.Тоа презема една форма на усовршен морал,која не е остварувано досега од некое човечко општество.Кога еден брачен пар ќе заклучи дека нивниот брачен живот не иде по исправен пат,тогаш одлуката за разкинување на бракот нема да вреди за поправање на тоа.Не вреди и не се оправдува тоа,ако ние двајцата ги присилуваме да стојат во брак,доколку тие не можат да живеат заедно.Не чудно тоа дека целиот христијански свет,беа принудени да го дозволуваат разводот.**

**Еврејството,во друга страна,го дозволуваат разводот па дури и ако е без некој разлог или причина.Стариот Завет му дозволува на мажот да ја разведе жена му,дури и ако не му се допаѓа нему или не ја сака. (Второзаконие 24:1-4)**

**Овие библијски цитати доведе до прилични и големи дебати меѓу еврејските научници,затоа што стојат некои недоразбирања и неслагање во врска со образложувањето назборовите `непожелно`,`срам`,и `ненаклоност` кои се спомнати во овие цитати.**

**Талмуд ги наведува истотака нивните различни мислења во однос на тоа:**

**``Верската школа на Шамаи спорно го држи ставот дека мажот не може да ја разведе жена му освен ако тој ја обвинува за брачна превара-прељуба,додека во друга страна верската школа Хилел вели дека мажот може да ја разведе жена му,до тој степен дури и ако таа не ја приготвила добро храната.Познатиот рабин Акиба вели дека мажот може да ја разведе жена му,дури и ако едноставно тој ќе најде друга жена поубава од неа``(Gittin 90a-b).**

**Новиот Завет го следи мислењето на Шамаискатa школа,додека еврејскиот закон го следи мислењето на Хилелската школа и рабинот Акиба.33)Од кога Хилелското мислење го убеди народот и совладе меѓу нив,тогаш тоа мислење стана несоборен обичај во еврејскиот закон,која му дава на мажот потполна слобода и право за да ја разведе жена му,било и без некој разлог или причина.СтариотЗавет не само што му дава право на мажот да ја разведе својата `непожелна` жена,туку и тој развод се смета како неопходен да се ослободи од таа `лоша жена`:**
**``Лошата жена носи скандал и понижување,очајен изглед,и рането срце.Кутриот маж,тој на кој жената нема да го усреќи.Жената е потеклото на гревот,и заради неа ние сите ќе умреме.Не ја оставај цистерната што тече ни капка да капнет,исто и не ја оставај лошата жена да зборува таа што посакува.Ако таа не го прима твојот надзор и совладување,разведи ја,откажи се и откачи се од неа`` (Ecclesiasticus 25:25).**
**Талмуд наведува некои примери за некои постапки или дела кои ако се наоѓат кај некоја жена,за кои мажот ќе биде принуден да ја разведи неа:``Ако таа јаде во улица,и дрчно пие во улица,или да му даде на бебето да дои во улица,во секој случај рабинот Меир вели дека таа мора да го напушти својот маж`` (Gittin 89a).**
**Талмудот истотака го задолжува мажот да ја разведе јаловата-неплодната жена (таа која не може да забремени во рок од десет години) :``Нашите рабини рекле:`Ако еден маж ја зел една жена и живеел со неа десет години и не му родила ниедно дете во текот на тоа време,тогаш тој мора да ја разведе неа` `` (Yeb. 64a).**
**Жените,во друга страна,не смеат да превземат чекори за барање развод,според Еврејскиот закон.но и покрај тоа,на една евреинка и се дава право да бара развод пред еврејски суд,само под услов ако постои некој голем разлог или некоја јака причина.Во овие случаеви се вклучени следните:Ако мажот настрадува од телесна мана или кожна болест,ако маот не ги извршува своите брачни обврски и одговорности,и др.Судот ја подржува одлуката на таа жена која бара развод,но не и да им разкинува нивниот брак.Само мажот има право да го разкине бракот,давајќи и нејзе оглас на развод.Судот може да го казни мажот со камџикување,со материална казна-кауција,да го уапси,и да го натера него со сила да и го предаде потребниот оглас на развод на својата жена.Меѓутоа,ако мажот е доста тврдоглав,тој може да одбие да и**

**даде развод на жена му и да ја држи така поврзана со него и во неизвесност за цел живот.Уште полошо од тоа е дека тој може да ја остави неа без да и даде рзвод,да ја остави неа ни мажена ни разведена.Тој може да се ожени со друга жена или да живее со некоја млада девојка без да бидат венчани и да има деца од неа (овие деца се сметаат како законски според еврејскиот закон). Оставената жена,во друга страна,не смее да се омажи со никој се додека таа е законски во брак и таа не може да живее со некој друг маж затоа жто таа тогаш ќе се смета блудница-прељубница и нејзините деца жто ќе се раѓат десет колeници после тоа ќе останат незаконски.Една жена во таква положба се вика АГУНАХ (прикoвена-зацврстена жена во синџири).34)Денеска во САД има близу 1000-1500 евреинки кои се АГУНОТ(множина од АГУНАХ),додека во Израел тој број може да стигне до 16000.Мажите здиплуваат со илјади долари од тие приковани и врзани жени во размена на еврејски развод.35)**
**Исламот ја фаќа средниината помеѓу христијансвото и еврејството што се однесува до разводот.Бракот во Исламот е една света врска која не би можело да се прекине освен ако има некој голем разлог или сериозна причина.Брачниот пар се насочува да бара секакви можни средства за да се помират меѓу себе во случајот кога бракот е во опасност и може да распадне.**
**Разводот не е препорачено за во секој случај да се наслониме на тоа,но тоа вреди за тогаш кога не се наоѓа некој излез за помирување на брачниот пар.Кратко кажано,Исламот го прифаќа разводот,но како и да е,не советува што е можно повеќе да му се избегне.Првин да се фокусираме на тоа колку Исламот го прифаќа разводот.Исламот им дава право на двете страни т.е. брачниот пар за да го прекинуват нивната брачна врска.**
**Исламот му дава на мажот правото за развод (Талак).И освен тоа,Исламот,различно од Евреизмот,и дава и на жената правото за да го прекинува брачната врска со помош на познатото сретство таканаречено Кхула`.36)Ако мажот е причина за прекинување на брачната врска т.е. со развод ,тогаш не му се враќат никој брачни подароци што и подарил нејзе.Кур`анот јасно го забранува да ја разведе и да ги врати своите подароци што ги дал нејзе,независно од тоа колку скапи или вредни се тие подароци:**
**``Ако сакате да замените една жена со друга и ако на онаа со која сакате да се разведете и дадовте голем имот,венчален**

**подарок,тогаш не ви е дозволено да земете нешто од него.Ќе го земете ли тоа,лажејќи и отворено правејќи сплетки?`` (Кур`ан 4:20).**
**Во случајот кога жената одлучува да ја прекине брачната врска,тогаш таа може да му ги враќа брачните подароци на мажот.Ова враќање на брачните подароци во случајот е праведна оштета која го зема мажот,кој сака да ја чува брачната врска,доколку таа веќе одлучила да ја прекине брачната врска.**
**Кур`анот ги упатува муслиманите да не земат никој подарок,од тоа што им подариле на своите жени,освен ако жената е таа која превзема за да се раскине брачната врска:**
**``Не ви е долволено-о,мажи!-да им го земате она што им го дадовте,венчалниот подарок и др.Освен во случај ако двајцата не се плашат од тоа дека нема да ги исполнат брачните права.Ако старателите се плашаат дека брачните другари нема да ги извршат прописите на Аллах,тогаш нема пречка за сопружниците:подарокот што жената му го дала на мажот е противредност за нејзиниот развод.Овие прописи на Аллах се граници кои го одвојуваат халалот од харамот.Не преминувајте ги тогаш границите на Аллах.Тие што ќе ги преминуват границите на Аллах,тие си наштетуваат себеси со изложувањето на Аллаховата казна`` (Кур`ан 2:229).**
**Истотака, и една случка која се пренесува дека една жена дошла кај пејгамберот Мухаммед,која одлучила да раскине бракот,таа му рекла на Пејгамберот дека таа не се жали ништо од маж и,ни во карактерот ни во однесувањето со неа.Единствен проблем што беше во неа,јавно таа прогласи дека не го посакува него до тоа мера што и не може веќе да живее со него.Пејгамберот ја праша:``Дали се слагаш да му вратиш назад градината (која беше како брачен подарок за неа)?``Таа рекла:``Да``.Тогаш Пејгамберот го повика мажот и го упати за да ја одзема својата градина и да прифати да и даде развод. (Букхари)**
**Во некои случаеви,жената муслиманка сака да ја чува брачната врска,но некогаш ќе биде принудена да бара развод за некои големи причини и разлози како што се:Агресивноста на мажот,да се оддалечи и да ја остави сама без некоја оправда,кога мажот не може да ги изврши брачните обврски и одговорности и др.Во овие случаеви муслиманскиот Суд им суди нив со прекинување на брачната врска.37)**

**На кратко,Исламот и нуди на муслиманката некои права кои не се наоѓат нигде во другите вери:таа може да ја прекине брачната врска преку наречениот –Кхула`-,и таа може да побара развод пред судската власт.Муслиманката никогаш не смее да биде закована и врзена за тврдоглавиот маж.Овие права ги заведија многу евреинки кои живеа во почетното исламско општество во VII век,со тоа што почна да обезбедат огласи за развод од нивните мажи во муслиманските судови.рабините ги прогласија овие огласни картони за развод како одбиени и неважечки по верски закон.За да се спречи овој обичај меѓу евреите,рабините почнаа да даваат нови права и привилегии на евреинките обидејќи се да го ослабнат и соборат тој апел што повикуваше од страна на муслиманските судови.Евреинките кои живеа во христијанските земји,не им беше понудено никакви привилегии до времето на доаѓањето на Римскиот закон за развод,кој се спроведувал таму,но не бил многу územ поволен од тој еврејскиот закон.38)**
**Сега да го фокусираме нашето внимание кон тоа како Исламот го мрази ова дело,и повикува колку што може да се одбегнат верниците од тоа.Пејгамберот им рекол на верниците:``најпожелно и намразено дозволено дело (халал) меѓу сите други кај Господ е разводот`` (Абу Давуд).**
**Муслиманот не смее да ја разведе својата жена просто зашто не ја посакува,љуби неа.Кур`анот ги упатува муслиманите за да бидаат љубезни со нивните жени дури и ако постојат млаки емоции или чувства на омраза и презир:**
**``И учтиво однесувајте се кон нив.А ако,пак,имате некаков презир кон нив можеби во она што ги презирате Аллах ќе ви даде добро големо``. (Кур`ан 4:19)**
**Пејгамберот Мухаммед даде една јасна поука во врска со тоа:**
**``Верникот не треба да ја замрази верничката.Ако тој ги мрази некои нејзини својства,тој во друга страна ќе биде задоволен од другите својства``(Муслим).**
**Истотака Пејгамберот потврдува дека најдобрите муслимани се оние кој се најдобри (во однесување) со нивните жени:**
**``Верниците кои имаат попотполно верување се оние кој имаат најдобар карактер и најдобрите-најизбраните од вас се оние кој се најдобри-најљубезни кон своите жени`` (Тирмизи).**
**Меѓутоа,Исламот е една практична вера која признава дека има некои фактори и околности во кои бракот доаѓа близу до**

**раскинување.Во таквите случаеви,мали совети за добро однесување и за совладување со емоциите не е можно решение за се тоа.Тогаш,што треба да се прави за да се сочува брачната врска во вакви случаеви?Кур`анот го упатува брачниот пар(маж и жена) со неколку практични совети за во случај ако некој од нив двајцата се однесува лошо со другиот.Го упатува мажот со четири совети како да делува ако жена му се донесува лошо со него.Подетално тоа се наведува во следните кур`ански ајети:**
**``А за оние за кои се плашите дека нема да бидат послушни,(1)посоветувајте ги,(2)одвојте ги во постелата,и(3)удрете ги!А ако,пак,ви се послушни не барајте начин зло да им нанесете.Аллах,навистина е,Возвишен и Голем!(4)А ако се плашите дека и двајцата ќе се разведат,тогаш,побарајте помирител од неговото семејство и помирител од нејзиното семејство:а ако двајцата посакуваат да се помират,Аллах ќе ги помири.Аллах,навистина,е Зналец и Известен!`` (Кур`ан 4:34-35).**
**Во почетокот,треба да се следат трите први совети.А ако со нив не успева,тогаш треб да побара помош од двата семејства,за да се обидат да најдат решение за таа состојба.Јасно се забележува,земајќи во предвид овие кур`ански ајети,дека ударење на непослушната жена е предвидена воспитна мерка која се препорачува трета по ред во случај ако нема надеж дека таа ќе се поправи со помош на двете први мерки.Ако успева,тогаш не смее да и нанесе никакво зло или насилсто како што е јасно спомнато во ајетот.А ако не успева,тогаш пак на мажот не му се дозволува да ја употреби ова мерка за долго,но крајно тој треба да бара помирници од двете семејства за да се согласуваат меѓусебно во врска со бракот.**
**Пејгамберот Мухаммед ги советувал муслиманите да не се заслонат во овие мерки,освен во неопходни случаеви,како на пример таа да им се предаде на страстите,со кои ќе прави срамни дела и ќе каже непристојност и непослушност кон маж и.Дури и во овие случаеви казната треба да биде лесна,неповредлива,а ако таа веќе прекинува со тоа дело,тогаш тој не смее да и нанесе зло:**
**``Во случај ако жените се обвинети дека прават сладострасие,вие треба да ги оставите сами во нивните постела и да ги казнете со лесна неранлива казна(како што и не смее да ја удри во осетливи места како што е лицето).Ако тие потоа кажуваат послушност кон**

**вас,тогаш немојте да им нанесе некакво зло и насилство`` (Тирмизи).**
**Освен ова,Пејгамберот Мухаммед го осудувал секакво неоправдано удрење-казнување.Некои муслиманки дошле да се жалаат кај Пејгамберот затоа што ги удреле нивните мажи.Штом го слушна тоа,Пејгамберот категорички прогласи дека:**
**``Тие што прават вака (ги ударат на жените) не се најдобрите-најзибраните помеѓу вас`` (Абу Давуд).**
**Тоа што треба да се запамти во ова точка е дека истотака Пејгамберот рекол:**
**``Најдобриот-најизбраниот меѓу вас е тој кој што е најдобар за своето семејство,и јас сум најдобар меѓу вас што се однесува до моето семејство`` (Тирмизи).**
**Пејгамберот ја посовети еднаш една муслиманка,чије име беше Фатима бинт Кајс,за да не се омажи за еден човек,кој беше познат во околината дека ги тепа жените:``Појдов кај Пејгамберот и му реков:Абул Џахм и Му`авиах ми просат рака ми нудат брак.Пејгамберот (во начин на совет) рече:Што се однесува до Му`авиах,тој е многу сиромав додека Абул Џахм го има закон да ги тепа жените`` (Муслим).**
**Важно е да се спомне дека Талмуд го дозволува тоа за да се тепа жената како воспитна казна за неа.39)Не мора мажот да чека на тие случаеви кога ќе прави жена му сладострасие,туку нему му се дозволува да ја удари жена му дури и ако таа само што ќе одбие да ги прави домаќинските работи.Освен тоа,тој не е ограничен за да ја удри со лесни или тешки удари,туку нему му се дозволува било каков начин за да и ја крши тврдоглавоста со камџикување или пак да ја остави во гладнување.40)**
**За жената на чија мажот не се однесува добро со неа,тоа ќе биде причина за распаднување на тој брак.Во однос на тоа,Кур`анот им препорачува следните вредни совети:**
**``Ако некоја жена се плаши од безверието на нејзиниот маж или од рамнодушноста-тогаш,немаат грев да се склучи договор меѓу нив,договорот е најдобар.....``. (Кур`ан 4:128)**
**Во овој случај,на жената и се препорачува да бара помирување со својот маж (со или без помошта на семејството).Забележливо е дека Кур`анот,не ја упатува жената да ги зема истите мерки како мажот т.е. таа да го спречи од сексуалниот однос и да го удри.Причината за ова несразмерност-диспаритет можеби е за да ја брани неа од**

**физичките насилства кои можат да и бидат нанесени од страна на мажот кој се однесува многу лошо со неа.Ваквите физички насилства ќе нанесе повеќе зло отколку добро,и за жената и за самиот брак.Некои од исламските теолози-алими предлагат дека судот може да ги применува овие мерки против мажот наместо на жената.Значи,судот првин го опоменува мажот кој прави насилство кон жена му,а потоа го одвојува него од брачната постела,и накрај го казнува со едно симболично удрење.41)**
**На кратко кажано,Исламот им нуди на сите муслимански брачни парови вредни совети за да го спасат и сочуват нивниот брак во случај ако се наидуваат во тешкотии и тензии кои доведуваат до раскинување на бракот.Ако едниот од брачните другари ја доведува во опасност брачната врска,другиот брачен другар е посоветуван од страна на Ку`анот,за да прави сешто има во можност и мисли дека е поефективно за да ја брани ова неприкосновна-посветена врска.Во случај ако сите видови на мерки не се успешни,тогаш Исламот не наоѓа друго решение освен да им дозволува на брачните другари да се разделат (со развод или сл.) на пријателски и мирољубивен начин.**

# 11.Мајките

**Стариот Завет во неколку места наредува за добро и љубезно однесување кон родителите,инаку тие кој што нема да идаат по овие наредби,и не им прават чест на нив ќе бидат осудени и прекорени за тоа дела.На пример,``Кој ќе го проколне татка си и мајка си,нека биде погубен.Зашто ги проколна татка си и мајка си,неговата крв нека падне на него`` (Левит 20:9),и друг пример ``Мудриот син го весели таткото,а безумниот ја презира својата мајка`` (Пословици 15:20).**
**Иако правење чест на таткото посебно и самостојно е спомнато во неколку места, како на пр.: ``Мудриот син ја слуша татковата поука,а потсмевачот не го слуша изобличувањето`` (Пословици 13:1),а мајката посебно никаде не е спомната.Освен тоа,нема посебно цитат каде што се повикува за да се има добро и љубезно однесување кон мајката,тоа да биде како знак на ценење за сешто таа доживеела тешкотии со него,во текот на бременоста,породувањето и накрај доењето.И покрај тоа,мајките не наследуваат никакво богатство од своите деца,се додека таткото е ги наследува нив.42)**
**Тешко е да се најде некој цитат во Новиот Завет,кој повикува во правење чест на мајката.Наспроти,ќе добиваш впечаток дека Новиот Завет таквото љубезно и учтиво однесување кон мајката го смета како пречка која те спречи во патот кон Господ.Според Новиот Завет,никој од нив не може да стане добар и заслужен христијан и да биде еден следбеник на Христо,ако тој не ја замрази мајка му.Му се препишуваат овие зборови на Исус дека рекол: ``Ако некој дојде при Мене,а не ги намрази:татка си и мајка си,и жена си,и децата,и браќата и сестрите,па и својата сопствена душа,не може да биде Мој ученик`` (Лука 14:26).**
**Освен ова,Новиот Завет ни ја претставува сликата на Исус како еден небрежен,несовесен,па дури и непослушен кон својата мајка.На пример,кога таа дошла да го побара него додека тој предаваше проповеди кај една група на луѓе,тој не излегол надвор за да се види со неа:**

**``И тогаш дојдоа.Неговата мајка и Неговите браќа и,стоејќи надвор,испратија при Него да го повикаат.А околу Него седеше народ и Му рекоа:`Ете,мајка Ти и Твоите браќа надвор Те бараат!` И во одговор им рече:`Кои се мајка Ми и браќа Ми?`И ги погледна наоколу оние,кои седеа околу Него и рече:`Еве ги мајка Ми и браќа ми,зашто кој ја исполнува Божјата волја,тој Ми е брат,и сестра,и мајка`` (Марко 3:31-35).**
**Некој може да докаже дека Исус и учел народот кој го слушаше една важна поука,и тоа е дека верските обврски не се нешто поважни од тие семејните.Меѓутоа,тој би можел да импредаде на народот и да им даде поуки,без да го покаже својата тотална небрежност-немарност кој мајка му.Исто непочитливо однесување се покажува кога тој одбил да го потврди еден изказ кој беше донесен од страна на еден член од народот кој го слушаше,блажејќи ја улогата на својата мајка,затоа што таа ја родила и се грижела за него:**
**``А кога го зборуваше тоа,една жена од множеството извика:`Блажена е утробата,која Те носела,и градите од кои си се хранел`.А Тој рече:`Уште повеќе се блажени оние,кои го слушаат Божјото слово и го пазат` `` (Лука 11:27-28).**
**Ако една мајка со толкав голем углед,како што е девицата Марија да се третира на таков начин,како што е опишана во Новиот Завет,од страна на син и,кој веќе е познат кој е,Исус Христ,тогаш како би се третирала една друга обична мајка христијанка од својот обичен син христијан?**
**Во Исламот,честа,почитта,и љубезниот однос се приврзани за мајчинството,а тоа е примерно и неспоредливо во однос на другите вери.Кур`анот го наведува послушноста и покорноста кон родителите,одма на второ место после обожавањето на Возвишениот Господ:**
**``И Господарот твој определи:`Само Него да го обожавате,а на родителите добро да им правите.Ако еден од нив или двајцата кај тебе доживеат старост,не кажувај им ни `уф`.Не обраќај им се со висок глас и зборувај им зборови благородни!`И пред нив спушти ги крилјата на потчинетоста и милоста,и речи:`Господаре мој,смилуј им се онака како што тие ми се смилуваа кога бев малечок!` ``. (Кур`ан 17:23-24)**

**Во некои други места во Кур`анот посебно е означена големата улога на мајката,затоа што таа раѓа деца,се загрижува и ги рани нив:**
**``И на човекот Ние му редивме да се однесува добро кон родителите свои.Мајката го носеше,слабејќи од ден во ден,и го доеше две години:`Биди благодарен,и Мене и на родителите твои.Сватилиштето е-кон Мене!``. (Кур`ан 31:14).**
**Значителна важност за послушноста кон мајката,истотака се покажува со зборовите на Пејгамберот Мухаммед:**
**``Дошол еден човек кај Пејгамберот и го прашал:`На кому повеќе треба да му правам чест и добро од сите други луѓе?`Пејгамберот одговорил:`На твојата мајка`.`А после неа на кому?`-прашал човекот.Пејгамберот му одговорил:`На твојата мајка`.`А после на кому?`-прашал човекот.Пејгамберот му врати:`На твојата мајка`.А после на кому?`-прашал човекот.Пејгамберот му одговори:`На твојот татко` ``(Букхари и Муслим).**
**Меѓу неколку морални норми на Исламот,кои до ден денеска доверливо сеуште се практикуваат од страна на муслиманите,е имањето во обѕир послушноста и добриот однос кон мајките.Честа и почитот што го прават синовите и ќерките кон своите мајки кај муслиманските семејства покажува примерен однос за меѓусебна љубов во семејството.Цврстата и топлата врска меѓу мајките муслиманки и нивните деца и длабоката почит со која се поврзуваат муслиманите со нивните мајки,многу често тоа ги зачудува и ги изненадува Западните земји.43)**

# 12.Наследството на жената

**Една од најважите разлики помеѓу Кур`анот и Библијата постои во врска со нивниот став што се однесува до наследството на жената од сопственоста на нејзините блиски роднини.Библискиот став многу кратко е изјаснето со зборовите на рабинот Епстејн:``Секојдневен и несоборен обичај од времето на Библијските објави,не им се дава на женските членови на семејството,жена и ќерки,никакво право на наследување од семејниот имот.Во повеќето примитивни системи на закон за наследување,жената иако е член на семејството,но пак таа се смета дел од тој наследен имот,што значи дека до таа мера била оддалечена и дискриминирана од правото за наследничка,така што законската личност за наследничка била иста како што е на еден роб.Додека,според Мојсевиот закон-декрет ќерките имаа право на наследство во случај ако не постои некој машко од децата,но жената не се признала како наследничка дури и во таквите услови и околности``.44)Зошто женските членови на семејството се сметат дел од семејниот имот?Рабинот Епстејн го има одговорот за тоа:``Тие се сопственост на таткото пред да се омажат,додека после венчавката,тие стануват сопственост на нивните мажи``.45) Библијските прописи за наследство се наведени во (Броеви 27:1-11).Жената нема никаков дел од наследениот имот на маж и,додека тој е прв кој ќе ја наследи неа,дури и пред нејзините синови.Ќерката може да наследи само во случај ако не постои наследник од машките.Мајката не може да наследи ништо се додека постои тука таткото.Вдовиците и ќерките,во случај на наоѓање на машки деца,тие ќе бидат под милоста на оние машки наследници,кои ќе се грижат за нивна обскрба.Тоа беше и причината зашто вдовиците и децата сирачиња беа најсиромашните луѓе од еврејското општество. Христијанското ги следеше истите прописи за долго време.Црквениот и цивилниот закон ги спречуваа ќерките за да земаат заеднички дел со браќата од имотот на покојниот татко.Покрај тоа,жените се спречени од секакво право на наследство.Овие неправедни закони преживеа и владеа долго до касно на минатиот век.46)**

Многубожците арапи пред доаѓање на Исламот, ги уредуваа правата на наследство така што беше тоа одредено и ограничено само за машките деца од блиските роднини.Кур`анот ги укина и ги поништи сите овие неправдени закони и обичаи,и им даде право на наследство на сите женски блиски роднини,и тоа за секоја од нив определен дел од наследениот имот:
``На мажите им припаѓа дел од она што го оставиле родителите и ближните,и на жените им припаѓа дел од она што го оставиле родителите и ближните,било да е многу било да е малку:делот пропишан!``. (Кур`ан 4:7)
Според исламските прописи,мајките,жените,ќерките и сестрите ги добиле правата на наследство и сопственост тринаесет века пред да дознае Европа дека постојат такви права.Разделување на наследството е многу широк предмет со полно образлози и детали што се однесува до сите наследници (Кур`ан 4:7,11,12,176).Општото правило е дека делот на жената е половина од тоа на машкото освен во тие случаеви кога мајката зема еднаков дел како таткото.Ова општо правило ако се зема за одвојување од другите закони,земајќи во предвид и мажите и жените,можеби ќе изгледа нефер.За да се разбира образлогот кој стои позади ова правило,првин треба да се зема во предвид фактот дека финанциските обврки за мажот се многу поголеми од тие што се за жените,дури и можеме да кажеме дека скоро за сите материални трошоци за семејството е обврзан мажот.(види поглавје `Сопственоста на жената`).Младоженецот мора да и обезбеди на својата невеста брачен подарок.Овој подарок станува ексклузивна и посебна нејзина сопственост и останатото,па дури и ако ја разведи нема право да и го зема,тоа останува во нејзина сопственост.
Невестата не е задолжена за да му подари некој подарок на својот маж.Освен тоа,мажот е одговорен за да ги издржува и да се грижи за својата жена и своите деца.Жената,во друга страна,не е задолжена да му помогне нему во овие обврски.Тоа што го има во сопственост,или го спечалила,тоа останува нејзина сопственост,за лично користење,освен ако таа со милосрдие му дава нешто на маж и.Покрај тоа,секој од нас може да го представува и да го анализира тоа како Исламот прекумерно го брани и се загрижува за семејниот живот.Често ја повикува и ја поттикнува младината за да се венчаат,и што повеќе да го избегнуваат разводот,и да не се смета

**ергејството како честност и угледност.Па и затоа,во едно здраво исламско општество,семејниот живот е закон а ергејството е исклучок.Скоро сите оние девојки и момци кои се полнолетни во едно муслиманско општество ќе ги најдеш во брачна врска.Врз основа на овие факти,секој би го вреднувал позитивно тоа што мажите наследуваат двојно повеќе од женските,бидејќи како што се гледа сите обврски и одговорности за семејството се над него.Тоа правило стои како одржувач на таа рамнотежа меѓу финансиските обврски.,и накрај ќе се дојде во заклучок дека нема да има некој вид на војна меѓу општесвени класи.После ова проста споредба што направивме меѓу Кур`анот и Библијата,што се однесуваше до финанциските права и обврски на жените муслиманки,една англичанка која примала Исламот дошла во заклучок дека Исламот не само што ја третира една жена на многу праведен начин,туку и многу благородно ја почестува.47)**

# 13.Сожалување(отежнување) на жената вдовица

**Заради фактот што Стариот Завет не им дава никакви права на наследство на нив,вдовиците беа најслабите и најбедните жени во еврејскиот народ.Машките роднини кој што наследуваат сешто е дел на покојната жена од имотот што го оставил маж и нејзе,тие се задолжни да им обезбедуваат трошоците од тој дел на имотот.Покрај тоа,на вдовиците не им се гарантира дека ќе им даваат за тие финанцииски трошоци,и дека ќе живее под милоста на другите.Па и затоа,вдовиците беа од најниските класи во поранешниот Израел и вдовиштвото се сметало симбол на голема деградација и понижување (Исаија 54:4).Но сожалувањето на вдовицата според Библијските прописи зеде голем размер,до тој степен што дури и навлезе во тоа што ја избрише неа од имотот на маж и.Според (Битие 38),вдовицата која нема деца мора да ја зема за жена братот на маж и,дури и ако е веќе оженет,а со тоа ќе се чува потомството на покојниот брат и да стои кај нив името на братот и после неговата смрт.**
**``Тогаш Јуда му рече на Онан:`Пристапи и,на вдовицата на брат си,исполни ја кон неа деверската должност и така запази му го потомството на брата си!`` (Битие 38:8).**
**Согласувањето на вдовицата за овој брак не се бара.Вдовицата се третира како дел на имотот на покојниот маж,која ја има својата главна функсија т.е. да му обезбеди и сочува потомството на маж и.Овој Библијски закон сеуште се спроведува во денешниот Израел.48)Во Израел,вдовицата која не родила деца,таа останува наследство на девер и.Ако братот е многу млад за да ја зема за жена,таа треба да чека се додека ќе дорасте.Но,во случај ако тој одбива да ја зема за жена,тогаш таа ќе биде слободна и ќе може да одбере со кој маж сака да се омажи.Невообичаен феномен можеш да најдеш во Израел за да бидаат вдовиците вдадени под заканите на нивните девери за добиење на нивната слобода.**
**Многубожците арапи пред доаѓање на Исламот,имаа слични обичаи како овие.Вдовицата се сметала дел од имотот на маж и,ја**

наследуваат само машките наследници,и вообичаено таа даваа за да се омажи со поголемиот син на покојниот маж,ама што го има од друга жена.Кур`анот остро им возврати и им се спротистави со овие зборови:
``И не венчавајте ги жените кои ги венчаа вашите бабовци.Она што беше-веќе помина.Тоа е срамно дело,гнасота и лош пат,навистина!`` (Кур`ан 4:22).
Вдовиците и разведените жени беа многу потценети од страна на Библијата,така што голем свештеник не може да се ожени со вдовица,разведена жена или блудница:
``Нека зема девица за жена.Не смее да се жени со вдовица,или со оставена од маж,или со обесчестена или со блудница,нека се жени со девица од својот народ,така нема да го загади своето потомство меѓу својот народ,зашто Јас,Господ,го осветувам.`` (Левит 21:13-15)Денеска,во Израел постои еден потомок од потомството на големите свештеници од деновите на Храмот (Соломонски),така што тие не смеат да се оженат со разведена жена,вдовица или блудница.49)Според еврејското законодавство,ако жената останува вдовица три пати,додека тие мажи умреле од природни причини,токму таа жена се смета `фатална-смртоносна`,така што и се забранува пак да се омажи.50)Кур`анот,во друга страна,не познава никакви потчинети или пак фатални личности.Вдовиците и разведените жени се слободни да изберат кого сакат за да се венчаат.Нема никаква дамка на срамота да му се припишува на разводот или вдовиштвото од страна на Ку`анските ајети:
``И кога ќе ги пуштите жените,а кои ќе го дочекаат времето што треба да помине па,обносливо задржете ги или убаво пуштете ги.Не задржувајте ги за да им направите штета со што би ги поминале границите на дозволеното.Оној што така ќе постапи-за себеси зло ќе направи.И не земајте ги ајетите Аллахови како играчка.Сетете се на Аллаховиот благодат кон вас,и за она што го објави во Книгата,и во Мудроста со која ве советува.И плашете се од Аллах.И знајте дека Аллах,навистина,знае се!`` (Кур`ан 2:231).
``Од оние што ќе умрат од вас,а ќе остават жени,жените се должни да чекаат четири месеци и десет дена.А кога ќе го дочекаат времето што треба да помине,тогаш,вие немате грев за она што оние ќе го сработат за себе и од што имаат корист.Аллах е Известен за она што го работите!`` (Кур`ан 2:234).

**``Оние меѓу вас кои ќе умрат,а ќе оставaт жени зад себе,за жените свои треба да оставaт васиет за издршка во траење од една година,и да не излегуваат од дома.А ако,пак,излезат,немаат грев за она што ќе го направат самите за себеси,а веќе е познато Аллах е Силен и Мудар!`` (Кур`ан 2:240).**

# 14.Полигамија

**Сега да застанеме во едно важно прашање која се однесува до полигамијата.Полигамијата е една стара традиција во некои народи.Библијата не ја забранува полигамијата.Наспротив,Стариот Завет и рабинските записници настојно го утврдуваат законското одобрување што се однесува до полигамијата.Кралот Соломон се кажува дека имал 700 жени и 300 конкубини-љубовници (Прва книга Цареви 11:3).Истотака,кралот Давид се кажува дека имал многу жени и конкубини (Втора книга Самоил 5:13).Стариот Завет има некои наредби за тоа како да се разделува имотот на мажот меѓу своите синови од различни жени кои ги има тој (Второзаконие 22:7).Единствена забрана за полигамијата е забраната за да се зема сестрата на жената дур е жената жива,како сопернична-ривал за неа (Левит 18:18). Талмуд посоветува да се зема максимум четири жени.51)Европејските евреи продолжија да ја практикуваат полигамијата се до шеснаесетиот век.Ориенталните евреи продолжија да ја практикуваат се додека стигнаа во Израел,а потоа не смеа затоа што им беше забрането со цивилноит закон.Меѓутоа,според верскиот закон кои го преминува оно цивилниот во ваквите случаеви,и ја дозволува тоа.52)**
**А што вели Новиот Завет?Според отецот Еуген Хилман во неговата книга,Полигамија смета дека ``Нигде во Новиот Завет не се спомнуваат со јасни наредби дека мора да се стапува во брак со една или пак да биде јасно забрането полигамијата``.53)Освен тоа,Исус не зборувал ништо против полигамијата,иако беше тоа како обичај тогаш во еврејскиот народ.Отецот Хилман се чуди од фактот дека Римската Црква,ја забранува полигамијата за да биде во склад со Грчко-Римската култура (која дозволува само за една законска жена додека толерира во друга страна за тоа што се однесува до вонбрачната врска и прељубата-блудот).И ги цитира зборовите на Свети Августин, ``Сега,секако во нашето време,и придржувајќи се на Римскиот обичај,не е веќе дозволено да се зема друга жена освен една``.54)**

**Афричките цркви и христијаните африканци често им опоменуват на браќата европјанци дека црквената забрана што се однесува до полигамијата,е една културна традиција а не е веродостојна црквена одлука за забрана.**
**Кур`анот,истотака,ја дозволува полигамијата,но тоа да биде под одредени услови и граници:**
**``А ако се плашите дека нема да бидете праведни кон јетимите жени,тогаш,венчавајте ги оние жени кои ви се дозволени:по две,по три,по четири.А ако,пак,се плашите дека нема да бидете праведни,тогаш,доста ви е една,или со оние кои ви се дадени во сопственост.Ете,така ќе бидете најдалеку од неправдата`` (Кур`ан 4:3).**
**Кур`анот,наспроти Библијата,го ограничува со максимум број на жени,и тоа е четири под одредени услови,и тоа за да бидаат третирани сите жени на еднаков и на праведен начин.Не треба да се разбира погрешно,и да велиме дека Кур`анот ги поттикнува верниците за да се оженат со повеќе жени,ниту пак дека полигамијата се смета нешт идеално.Со други зборови,Кур`анот `ја дозволува` или `ја одобрува` полигамијата,и ништо повеќе од тоа,но зошто?Зошто полигамијата е дозволена?Одговорот е едноставно:Во некои места и времиња постојат социјални и морални причини за предлагање на полигамијата како решение.Како што беше изјаснато во горенаведените кур`ански ајети,дозволењето на полигамијата според Исламот не смее да биде представена како неповрзана воопшто со заедничките обврски кон сирачињата и вдовиците.Исламот како универзална вера,прилагодена за сите места и времиња не смее да ги игнорира овие неопходни обврски кои треба да се привземат според случаите.**
**Во повеќето народи,бројот на женскиот пол го надминува тој машкиот.Во САД,најмалку што може да биде,бројот на жените е осум милјони поголем од тој на мажите.Во државата како што е Гвинеја,има 122 женски за секој 100 машки.Во Танзаниа,има 100 женски за секој 95.1 машки.55)Што би правел тој народ во ваквите случаеви на небаланс меѓу родот?Има различни солуции,некои би препорачеле ергејството,другите закопување на женските новороденчиња живи (кој сеуште ден денеска е обичај кај некои народи).Некои други мислаат дека единствен излез е тоа што треба да им се одобрува на народот да се придадат на сите видови**

**сексуални контакти:блуд,вонбрачни врски,хомосексуализам,и др.За другите народи,како што се афричките земји денеска,најчесен и прифатлив излез од оваа криза е дозволувањето на полигамијата како културно признат и социјално почитуван законски ред.Поентата во која Западниот Свет често паѓа во недоразбирање за во врска со тоа дека жените во другите култури,не е секогаш дека чуствуваат со полигамијата некаква деградација.На пример,многу млади девојки од Африка,било тие христијанки или муслиманки,и пак друга вера,преферираат за себеси за да се омажат со еден женет маж затоа што тој веќе придобивал искуство ие способен за да ги носи брачните одговорности и обврски како маж.**

**Многу африканки ги поттикнуваат нивните мажи да се оженат со втора жена,за да не се чуствуваат во некој момент осамени.56)**

**Во еден извештај од статистика беа прашани повеќе од шест илјади жени во возраст 15-59 години, од најголемиот град на Нигерија,60% од овие жени се искажија дека тие би биле задоволни од нивните мажи ако тие би се ожениле и со друга жена.Само 23% од нив се изразеле бесно во идејата за да се соедини мажот со друга жена дури е таа во брак со него.Седумдесет и шест насто од жените во еден извештај кој се вршил во Кенија, ја сметаат полигамијата како позитивно нешто.**

**Во еден извештај кој бил подземен во селските населби на Кенија,25 жени од секоја 27-ма жена ја смета полигамијата дека е подобра од моногамијата.Овие жени чуствувале со тоа што ќе бидаат повеќе жени во брак,дека ќе бидаат посреќни и ќе се потпомагаат една со друга зависно секоја од нив со своето искуство.57)Полигамијата во повеќето афрички народи е почитуван и ценет обичај,до тој степен што некои цркви од протестантите христијани стануваат што повеќе толерантни во таа насока.**

**Еден епископ на Англиканската црква во Кенија изјавува дека,``Иако моногамијата може да е идеална во оглед на изразување на љубовта меѓу мажот и жената,но црквата смета дека во некои култури и обичаи полигамијата е прифатена од страна на народот и да се гледа и верува дека полигамијата иде наспроти Христијансвото не е веќе угодно за нив.``58)**

**После едно долго внимателно проучување за полигамијата во африканските земји,свештеникот Дејвид Гитари од Англиканската**

**црква заклучи дека полигамијата,како идеално практикувано,е подобра за христијани одколку разводот и преженувањето која доведува до вознемира на оставените жени и деца.59)Јас лично ги познавам некои високообразовани жени од Африка кои,и покрај тоа што живееле во Запад веќе многу години,немаа никакви приговори против полигамијата.Една од нив која живее во САД,сериозно го советува и поттикнува маж и за да зема втора жена да и помогне нејзе за растење на деца и за нивната загрижа. Проблемот на небалансот меѓу машкиот и женскиот род,односно бројот на жените е поголем од тој на мажите,тоа како последица е во времето на војните.Племињата на американските индијани самоседелци беа заложени во страдања од големи небаланси меѓу мажите и жените после воените загуби.Жените од овие племиња,кои фактички поседуваа висок статус од страна на мажите,ја прифатија полигамијата како најдобар избор за заштита од паѓање во срамни и непристојни односи со мажите.Европејските колонисти,без да нудаат некои други алтернативи,ја спречија оваа индијска полигамија,сметајќи ја како `нецивилизирачна`.60)После Втората Светска војна,беа 7.300.000 жени повеќе од мажи во Германија (3.3 милијони од нив беа вдовици).Беа 100 мажи во возраст 20-30 години за секоја 167 жени во иста возраст.61)На многу жени од нив им затребало маж не само другар на животот,туку истотака за да се загрижува како домаќин за семејната економија,баш во тоа време кога страдале од невидена криза и сиромаштија.Војниците на триумфалните подружени (алеати) армии го искористија ова чувствителност на жените.Многу млади девојки и вдовици имаа љубовни врски со некои војници и луѓе од окупаторните сили.Многу американски и британски војници плаќаа нешто ситно за да се задоволуваат,како што беше со цигари,чоколадо или леб.Децата беа прерадосни за тие ситни подароци кои им ги даваа нив овие непознати странци.Едно десетгодишно дете кога слушнал дека им даваат на децата подароци,посакал во тој момент од се срце да и пријде на мајка му еден англичанец,да им подари и на нив,за да не останат гладни повеќе.62)**

**Ние треба да ја прашаме нашата совест во оваа точка:Што е попристојно за една жена?За да прифати и да биде почитувана како една втора жена како што било кај индијските староседелци,или пак да биде една позната проститутка-**

блудница,која ќе ги задоволи окупаторните војници?Со други зборови,што е попристојно и почесно за една жена,Кур`анските пораки или пак таа теологија која е заснована во културата на Римската Империја?
Важно е да се спомне дека во една меѓународна конференција на младите која била оддржана во Мунцх во 1948,во врска со проблемот на големиот небаланс меѓу машките и женските,односно дискуцијата била за централното место на тој небаланс,т.е. Германија.Кога веќе немаше друга солуција да се предложи за излез од овој небаланс,тогаш накрај предложеле некои од учесниците на таа конференција за да се легализира полигамијата и да се поттикнуваат луѓето за тоа.Почетната реакција во тој состанок беа разновидни напади и увреди.Меѓутоа,после едно внимателно изучување на тој предлог,учесниците кој се спротиставува,се сложија дека тоа е единствената солуција.Што следува дека,полигамијата остана како заклучно решение на овој проблем во таа конфернеција со разни препораки и совети да се работи во таа насока.63)
Светот денеска е полн се повеќе со разни оружја за масовно уништување и разурнување,отколку што беше понапред и европските цркви беа принудени,порано или покасно,да ја признаваат полигамијата како единствено решение на тој небаланс.Отецот Хилман после едно долго размислување го прзнавал тоа,велејќи:``Сосема е доверливо дека овие геноцидски техники (нуклеарни,биолошки,хемиски) можат да доведуваат до многу драстичен небаланс меѓу двата пола,што значи дека полигамијата ќе стане неопходно за да се преживее...Наспроти од предходниот закон и обичај,и преминувањето во ова природна и морална наклонетост т.е. полигамијата,би дал голем прираст.Во ваквиот случај,теолозите и црквените поглавари набрзо ќе донесеа убедливи причини и библиски текстови за да ја оправдуваат полигамоијата,што се однесува до брачната врска.``64)
Се до ден денеска,полигамијата сеуште останува како основна и корисна солуција за лечење на разни социални болести во современото општество.Заедничките обврски кои ги спомнува Кур`анот вклучувајќи ја и полигамијата,се јасно и повеќе видливи денес во некои западни земји отколку во Африка.На пример,во САД денес,има тешки половни кризи кај средината на црнците.Еден од секој 20 млади црнци умира без да наполни 21-та

**година возраст.За оние кој се меѓу 20-35 годишна возраст,меѓусебното убиство е главна причина на смртта.65)**
**Освен тоа,многу млади црнци се невработени,затворени или се зависни од дрогата.66)**
**Како резултат од тоа,една од секоја четвта жена црнка,исполнила 40 години,и не е сеуште мажена,во споредба со белите жени каде што една од секоја десетта жена во иста таква состојба.67)**
**Истотака,многу млади црнки стануваат мајки во 20 годишна возраст,и чуствуваат потреба за да се загриши некој за нив.Крајниот резултат на овие трагични случаеви е тоа што порастот на бројот на црнките жени доведе до појава на таканареченото `учество во дружство на мажот`т.е.за да се здружи с друга жена без да знае таа првата со која е во брак.68)**
**Со тоа,многу од овие среќне црнки се сплеткаат и доведуваат до големи кавги со женетите мажи.Често,жените се несвесни за фактот дека како може да се придружат своите мажи со оние жени.Некои кој ја следеа оваа криза на дружење на мажите во Африко-американските средини,строго препорачија за консензуална полигамија како привремен одговор на тој мал број црнци,се додека не се прават целовкупни реформи кај американскиот народ и да се превземат други следователни мерки за откорнувањена таа појава во народот.69)**
**Со ваквото согласување на полигамијата,тие сакаат да кажаат дека тоа е одобрено од сите народи,и сите одабрани партии на заедници се слагаат со тоа,наспроти од обичното тајно `здружење на мажот` која им штети и на жената и на самиот тој народ воопшто.Проблемот во врска со дружењето на мажот во Африко-американскиот народ беше главна тема на дискусија која била одржана од страна на големи експерти на таа насока,во Универзитетот Темпл во Филаделфија на 27 Јануари,1993 година.70)Некои од нив предлагаа да не се укине легализација на полигамијата како закон,а особено во тие народи каде што е проширено блудот и прељубата.Коментарот на една жена од учесниците кога се изјасни дека американските африканци треба да научат од Африка каде што доверно живеа во тоа,сите кои беа присутни дадоа еден ентузиастички аплаус.**
**Филип Килбрајд,еден американски научник антрополог на Римското Католичко наследство,во својата книга `Многубрачноста за нажето време`,ја предлага полигамијата како решение за лечење**

**на некои болести кај американскиот народ во целина.Тој докажува дека многубрачноста би ги решила проблемите во врска со разводот,во разни случаеви,за да не влијае лошо кон чуствата на децата.Тој утврдува дека многу разводи се како резултат на постојаните незаконски вонбрачни врски кај американскиот народ.Според Килбрајд,за да им се даде крај на таквите врски,треба да се легализира полигамијата,која за во случај на развод ќе биде за доброто на децата,``Побезбедно би било за децата ако би се множело семејството,отколку само да се разделат родителите и да го разрешат проблемот кој стои меѓу нив,која би ја предвиделе како единствена опција,а тоа наспроти има лошо влијание кај децата``.Освен тоа,тој прелага дека полигамијата ќе биде и решение за проблемите со тие жени кои сеуште не се омажени заради што бројот на мажите е помал од тој на жените,и истотака е решение за проблемот со `мажот придружник` која постои како појава во Африко-американската средина.71)**
**Во 1987,се ставало на гласање во една студенска новина од Универзитетот на Калифорнија во Берклеј,во кое ги прашале студентите дали би се слагале со тоа дека на мажите треба да им се дозволи по закон за да имаат повеќе од една жена,за да се реши проблемот со малиот број на мажите во Калифорнија.Речиси скоро сите студенти гласаа за да се спроведе тој закон,и дека е добра идеја.Една студентка рекла дека со полигамијата и таа ќе може да ги исполни своите емоционални и физички потреби,и ќе и биде дадено повеќе слобода одколку што им се дава на жените во една моногамијска заедница.72)**
**Фактички,истиот овој доказ истотака го земаат и жените фундаменталистки од верската групација Мормон,кои се до ден денеска живеат во полигамички систем во САД.Тие имаат такво убедување дека полигамијата е еден идеален начин за една жена,за да ги држи и сочува и својата кариера,а и своите деца,затоа што жените ќе се подпомагаат една со друга за загрижа на децата.73)**
**Треба да додадеме дека полигамијата во Исламот е уредено за меѓусебно доразбирање од двете страни,такашто никој не може да ја присилува една жена за да се омажи со оженет маж.Освен тоа,жената има право да го условува маж и во венчалниот договор за да не се ожени со друга жена во истиот брак.74)Библијата,во друга страна,понекогаш наредува за принудена полигамија.Тоа е во случајот ако вдовицата на која и умрел мажот и не подила**

деца,тогаш таа мора да се омажи со братот на покојниот маж т.е. деверот,дури иако тој можеби е оженет (види ``Сожалувани вдовици``),без обѕир дали се согласува или не.(Битие 38:8-10)
Се забележува дека во многу муслимански заедници денес,ретко се наоѓа полигамијата како појава и обичај,затоа што разликата меѓу бројот на мажите и на жените не е многу голем.Слободно,некој може да каже дека процентот на полигамични бракови во муслиманскиот свет е многу помал од процентот на вонбрачните врски во Западот.Со други зборови,мажите во муслиманскиот свет денеска се многу построги воздржани на моногамијата отколку мажите од Западниот свет. Били Грахам,познатиот христијански евангелист го признава фактот и вели:
``Христијансвото не смее да ја спречи законот за полигамија.Ако христијансвото не делува на таков начин,тогаш ќе му наштети на себеси.Исламот ја дозволува полигамијата како решение за разни социални плоблеми,и им даде слобода во таа насока но се тоа за да се работи под рамките на законот на човечката природа.Во христијанските земји секој маж смее да се ожени само со една жена,но актуално тие се придадоа полигамијата.Никој не е свесен за тоа што се случува со играта на прељуба во Западот.Со секоја почит,Исламот е племенита и почестена вера од самата основа,кој му дозволува на муслиманот да се ожени со втора жена ако мора тоа да го чини,но строго му се забранети секакви тајни врски за да се заштити моралната чест на општеството.``75)
Важно е да се спомне дека повеќето,немуслимански и муслимански земји,ја отпаѓаат и одметнуваат полигамијата.Земање на втора жена,дури и ако се согласува првата,се смета како противзаконски чин.Во друга страна,да ја измамиш и да ја изневериш една жена или пак да се ожениш со друга без да знае и без да се согласи првата,е сосема прифатливо,толку колку што и самиот закон им дал!Што е мудрост која стои позади се овие контрадикторни ставови?Дали законо е поставен за да ги наградува оние кои се занимаваат со измама и прељуба и да ги казнува оние кој покажуваат чесност и пристојност?Тоа е еден од неоткриените парадокси на нашиот модерен `цивилизиран` свет.

# 15.Женското покривање (вело)

**На крај,би требало да ги осветлиме доказите кои ни ги претставува Западот што се однесува до мачењето и тортурите кои се вршаат врз жените т.е. оние кои се покриени (со вело).**
**Дали е вистина тоа дека нема нешто што се вика вело во Хебрејско-христијанскиот вероисповед?Според рабинот Др.Минахим М.Брајер (професор по Библијска литература во Универзитетот Јешива) во неговата книга ``Жената евреинка во рабинските записи``,беше обичај на жените евреинки да излезат надвор со покриени глави кои,некогаш,дури и го покриваа целото лице,оставајќи само едно око непокриено.76)Тој ги цитира некои мислења на најпознатите стари рабини:``Не им личи на ќерките на Израел да излезат во улица со непокриена глава`` и ``Проклонат нека е тој маж кој ја остава жената да и се гледа косата...една жена која ја изложува својата коса за да ја покажува убавината,со тоа дело таа носи сиромаштија во својата куќа``.Рабинскиот закон забранува за да се учи молитви и благослови во присутство на една мажена жена која не ја покрила главата,што значи дека непокриена глава на жената според нив се смета исто како `голотија`.77)**
**Др.Брајер истотака спомнува дека `Во времето на Танаитскиот период,жената евреинка која не ја покрива главата се смета нечесна.Ако таа се најде со непокриена глава,таа ќе се казнува со 400 дирхеми (сребрени пари) за тоа зло дело``.Др.Брајер истотака објаснува дека велото кај жената евреинка не се сметала секогаш знак на скромност.Велото симболизира достоинство и супериорност на една чесна и племенита жена.Тоа истотака претставува непристапност на жената,која е како света сопственост на мажот.78)**
**Велото доставува во знаење високата вредност на жената и нејзиниот општествен статус.Жените од пониските класи би го облекле велото за оставаат впечаток кај луѓето дека се од повисока класа.Фактот дека велото беше знак на племенитоста кај жените,тоа беше причината во старата еврејска заедница зошто не им дозволуваа на блудниците да ги покријат**

**косата.Меѓутоа,блудниците често облечеа посебна шамија за покривање на главата за да и тие изгледаат почитувани жени кон народот.79)Жените евреинки во Европа продолжија да носат вело до деветнаесетиот век,од тогаш кога нивниот живот стана измешан со секуларистичката култура која веќе беше проширена во секоја страна.Надворешните притисоци над европејскиот живот им се заканувааа и ги присилија за да ги откријат главите.Некои жени евреинки заклучија дека позгодно и подобро е да се вади традиционално вело,и за замена да се става позајмена коса(перика),за да биде како еден друг вид на главопокривање.Денес,дуир и пофанатичните жени евреинки не ја покриват главата освен кога ќе идаат за во синагог.80)Некои од нив,како што е хасидичката секта,сеуште носаат позајмени коси(перика).81)**

**А пак што се вели во христијанската традиција?Многу добро се знае дека католичките калуѓерки ги покриеле нивните глави веќе стотини години,но тоа не е се.Свети Павле во Новиот Завет кажа некои интересни цитати што се однесува до велото:**

**``Но сакам да знаете дека Христос еглава на секој маж,а мажот е глава на жената,а пак Бог е глава на Христа.Секој маж,кој се моли или пророкува имајќи нешто на неговата глава,ја срамоти главата.**

**А секоја жена,која се моли или пророкува гологлава,ја срами својата глава,зошто е сосем исто како да е истригана.И така:ако жената не се покрива-нека се истриже!Но ако е срамно за жената да се стриже или да се бричи,нека се покрива!Мажот пак не треба да ја покрива главата,зашто е слика и слава Божја,а жената е слава на мажот.Зажто мажот не е од жената,туку жената од мажот,бидејќи мажот не е создаден заради жената,туку жената заради мажот.Затоа жената треба да има власт на главата,заради ангелите`` (Прво Послание на апостол павле до Коринтијаните 11:3-10).**

**Свети Павле со своето мислење за велото на жената сака да каже дека велото претставува еден знак на угледност за мажот,кој е сликата на Божја слава,односно над жената која била создадена од и за мажот.Свети Тертулиан,во неговата позната книга `Покривање со вело на девиците` напишал:``Младите жени,треба да ги покривате кога ќе излезат по улици,и истотака кога ќе одаат во црква,и во средина на непознати луѓе,и да им ставете вело кога**

се заедно со нивните браќа...``Меѓу законите на Католичката црква денес се пишува дека се задолжени жените кога се во црква да ги имаат покриени нивните глави.82)Некои христијански групации,како што се на пример Амишите и Менонитите,сеуште ги држат нивните жени покриени со вело.Причината зошто да се држи велото,е тоа што ни кажуваат самите црквени поглавари,и тоа ``Главопокривката на жената есимбол на нејзината покорност кон мажот и Бога``,која истотака во иста смисла е спомнато во зборовите на Свети Павле во Новиот Завет.83)

Од сите овие наведени докази,очигледно е дека Исламот не го откиел покривањето на главата.но Исламот само што го потврдува тоа што било кажано што се однесува до носење на велото.Кур`анот им наредува на верниците и верничките за да ги симнуваат нивните погледи и да ја чуваат нивната скромност и потоа им наредува на верничките да го простираат нивното вело за да ги покријат и вратот и градите:

``Кажи им на верниците да го соборат опулот свој и да ги чуваат срамните места свои. Ете,тоа е почесно за нив.Аллах,навистина,е Известен за она што го работат!И кажи им на верничките да ги соборат опулите свои и нека ги чуваат срамните места свои,и убавините свои,освен она што се гледа,и нека не ги покажуваат,превезите свои нека ги спуштат на градите...`` (Кур`ан 24:30,31).

Кур`анот е сосема јасен во тоа дека велото е основа и знак за покажување на скромност и чесност,зошто да е важна толку чесноста со покривање на срамните места?Кур`анот и за тоа има јасен одговор:

``О пејгамберу,кажи им на жените твои и ќерките твои,и на жените од верниците да ги спуштат облеките.Ете,тоа е најлесно да се препознаат и да не се вознемируваат.А Аллах е Простувач и Сомилосен`` (Кур`ан 33:59).

Ова е главната цел,што значи дека чесноста(чување на срамните места) ги штити жените од вознемира и додевање од страна на непознатите мажи или попросто кажано чесноста е заштита за нив.Исламското вело,инаку од велото според христијанскиот обичај,не е знак на угледноста на мажот од жената,или пак знак на покорноста на жената кон мажот.Исламското вело,инаку од еврејскиот обичај за велото,не е знак на луксузноста и припадноста на некое племенито и угледно семејство од висока

**класа.Исламското вело е единствено само за знак на скромнсот и чесност,и се тоа за цел за да бидаат заштитени сите жени.Исламска филозофија иде на тоа што секогаш е подобро да бидеш безбеден отколку да бидеш сожален од другите.Фактички,Кур`анот воглавно има за цел да се штитени женските тела(а и со тоа и нивната чест) и нивната репутација.А кој маж би се обидел погрешно да ја обвинува една жена за невиност и нечесност,тој ќе биде тешко казнет за тој чин:**

**``А оние кои ќе фрлаат лага врз чесните жени,а за тоа нема да донесат четири сведоци,удрете им осумдесет корбачи и сведочењето нивно никогаш повеќе не примајте го.Тие се,токму,расипани!`` (Кур`ан 24:4)**

**Да споредиме оваа остра казна со која наредува Кур`анот со лесната казна која наредува Библијата за силување:``Ако маж наиде на млада девица,која не е верена,па ја грабне и легне со неа,па биде фатен на дело,тогаш мажот кој лежеше со неа нека му даде педесет сребреници на моминиот татко.А бидејќи ја оскверни,нека ја зема за жена,да не може да ја пушти додека е жив.Нека никој не се жени со жената на својот татко и нека не ја открива татковата покривка``. (Второзаконие,Петта книга Мојсеева,22:28-30).**

**Мора да прашаме едно просто прашање овде,кој е навистина казнет?Мажот кој плаќа само парична казна за силување,или пак девојката која е принудена да се омажи со оној кој ја силувал неа и да живее со него до смрт?Друго што можеме да се прашаме тука:која од двете казни е позаштитна за жените,тоа што наведовме од кур`анскиот остар став или оној библијскиот мек став?**

**Некои луѓе,особено во Западот,ќе се обидат за да ги исмеат доказите кој ги наведовме дека чесноста и скромноста е заштита на жената.Нивните аргументи се дека најдобра заштита за жената е да биде воспитана,образувана и цивилизирана во однос на времето кое живее.Ние би им рекле:Добро,ама не е доволно сето тоа.Ако `цивилизацијата` е доволна како заштита,тогаш зошто на жените во Северна Америка не смеат да излезат сами ноќе по темни патишта-или пак преку некое место што нема луѓе?Ако образованието е заштита за нив,тогаш зошто во еден угледен универзитет како што е Квин имаат доставено превозна служба воглавно за превоз на студентките до нивните домови?Ако е во**

**прашање воспитувањето,тогаш зошто да се случуваат разни сексуални силувања и малтретирања во канцеларии и други работни места,кои ги слушаме и читаме секој ден по новини и вести преку медиумите?Најчести примери во овие последни години кој се обвинети за силување и малтретирање се:Морнарските војници и офицери,менаџерите(директорите),универзитетските професори,сенаторите,судиите од Врховните Судови,и поранешниот Пресeдател на САД!**
**Јас не можев да поверувам на моите очи кога ги читав следните статистики,напишани во еден памфлет-леток,која беше издадена од Деканатот на Женската канцеларија во Универзитетот Квин:**

- **Во Канада,една жена е сексуално нападната секој 6 минути,**
- **1 од 3 жени во Канада ќе биде нападната барем еднаш во својот живот,**
- **1 од 4 жени е ризикувана од напад за силување или само обид за тој чин во секојдневниот живот,**
- **1 од 8 жени е сексуална нападната додека таа ги следи студиите во некој колеџ или универзитет,и**
- **Пронајдена е една студија која гласи дека 60% од машките студенти на Канадските универзитети рекле дека тие би извршеле сексуални напади ако се сигурни во тоа дека нема да им се земат мерки за тој чин.**

**Нешто е погрешно од самата основа во општеството каде што живееме сега.Една радикална промена во начинот на општествениот живот и културата е сосема неоходна.Културата на скромност и чесност е многу потребна,скромност во облека,во зборување,и односот меѓу мажите и жените.Инаку,овие статистики ќе стануваат ден по ден се полоши,и за жал,самите жени ќе бидаат жртва и ќе плаќат цената за загуба.Всушност,ние сите ќе настрадеме но како што рекол Халил Џибран,``...тој што ги реши последиците од разни несреќи што го снашле него,не е исто како тој што само ги брои нив.``84)Затоа,за едно општество како што е во Франција,каде што ги истерат младите девојки од училиште затоа што се облекле со скромна облека,на крај,просто кажано,со тој чин Франција му прави штета на себеси.**
**Нешто најиронично што се случува денес во нашиот свет е дека истата шамија за покривање на главата,кога ќе ја облече една**

**католичка калуѓерка тоа за неа значи покорност кон маж и,и покажува дека е од високо и угледно семејство,и тоа се смета како ``свето`` според нив,но кога таа шамија ќе ја облече една жена муслиманка за цел да биде заштитена од сезло што може да и се нанесе,тогаш тоа ќе го толкуваат по нивен поглед дека е `мачење и насилство` за неа.**

# 16.Поговор

**Едно прашање кое секој немуслиман кој го читал поранешното издание од оваа студија би го поставил:Дали жените муслиманки во Исламскиот свет денеска се третирани во таков начин како што е опишано овде?Одговорот,за жал,е:Не.Заради причината што оваа прашање е неизбежно во дискусии кои се одржани што се однесува до положбата на жената во Исламот,требада се објасни нешто повеќе,за да му се даде на читателот една комплетна слика околу тоа.**
**Треба нешто од прво да е јасно дека односот према жените се разликува до народ до народ во муслиманските општества,но пак има некои прописи кои се следаат од муслиманите на сите страни на светот.Повеќето муслимани се оддалечија од многу исламски прописи и учења,нарочито тие прописи што ги уредуваат верските обичаи што се однесува до животниот начин и односот меѓу мажите и жените.И се тоа доведе до расцепување и поделба на муслиманите на два познати правци.Првиот правец е повнимателен и попредостројжен,и се воздржува цврсто на версите закони и обичаи,додека вториот е полибералнен и повеќе насочен и даден по западната култура и обичаи.**
**Тие кои одаат по првиот правец,жените ги третираат според нивните наследени закони и обичаи меѓу нив,со тоа што ги спречуваат жените од многу права кои им ги дал Исламот.Покрај тоа,за жените се спроведени сосема други прописи поразлични од тие кои се за мажите.Ова дискриминација ги зароби животите на**

**некои жени:таа не е добродојдена со нејзиното раѓање во разлика од машкото,можно е да и се забрани да оди на училиште,може да биде спречена во правото на наследство за делот кој и припаѓа по вера,Таа е секогаш под контрола за да не прави некој срамотен чин,или неморално однесување,додека машкото е под слобода и не е ништо ако тој прави некој таков чин.Дури и може да ја убијат за некое непристојно и неморално однесување,додека машкото не се замерува,но покрај тоа ќе се гордее со таквото дело.Таа нема право да се изрази и да го искаже свое мислење кога се зборува за семејството или општеството,можеби и нема да и се даде право на**

**соствениште која го има врз својата имовина и брачните поклони.Таа како мајка,би било подобро да раѓа машки деца,со која што ќе може да придобије висок статус и угледност во својата средина.**
**Од друга страна, постојат Муслимански општества (или одредени класи во рамките на некои општества) кои биле збришани повеќе од западната култура и начин на живот. Овие општества често ја имитира со одмислување она што тие добиваат од Запад и обично завршуваат за прием на најлоши плодови на западната цивилизација.**
**Исламот треба да се гледа како религија која е неизмерно подобрена статусот на жените и беше доделена нив многу права кои модерниот свет ги признава само во овој век. Исламот се уште има многу да понуди до денешната жена: достоинство, почитување, заштита во сите аспекти и сите фази од својот живот од раѓањето до смртта во дополнение на признавање, рамнотежата, и средства за исполнување на сите негови духовни, интелектуални, физички и емоционални потреби. Не е чудо што најголем дел од оние кои избираат да станат муслимани во земја како што Британија се жени. Во САД жената се конвертира за исламот од број машки 4-1 конвертира.85)**

**Да, нешто е во право исламот и дека е време да се најде тоа.Се надевам дека оваа студија е чекор во оваа насока.**

# Фусноти

**1.The Globe and Mail,Oct.4,1994.**
**2.Leonard J. Swindler,Women in Judaism:the Status of Women in Formative Judaism (Metuchen,N.J:Scarecrow Press,1976) p. 115.**
**3.Thena Kendath, "Memories of an Orthodox youth" in Susannah Heschel,ed. On being a Jewish Feminist (New York:Schocken Books,1983),pp.96-97.**
**4.Swindler,op.cit.,pp.80-81.**
**5.Rosemary R.Ruether,"Christianity",in Arvind Sharma,ed., Women in World Religions (Albany:State University of New York Press,1987) p.209.**
**6.For all the sayings of the prominent Saints,see Karen Armstrong,The Gospel According to Woman (London:Elm Tree Books,1986) pp. 52-62.See also Nancy van Vuuren,The Subversion of Women as Practiced by Churches,Witch-Hunters,and Other Sexists (Philadelphia:Westminister Press) pp.28-30.**
**7.Swidler,op.cit., p.140.**
**8.Denise L. Carmody,"Judaism",in Arvind Sharma,ed.,op. cit., p.197.**
**9.Swidler,op. cit., p.137.**
**10.Ibid., p. 138.**
**11.Sally Priesand,Judaism and the New Woman (New York: Behrman House,Inc., 1975) p.24.**
**12.Swidler,op. cit., p. 115.**
**13.Lesley Hazleton,Israeli Women The Reality Behind the Myths (New York:Simon and Schuster,1977) p. 41.**
**14.Gage,op.cit. p. 142.**
**15.Jeffrey H. Togay,"Adultery",Encyclopaedia Judaica,Vol.II,col. 313.Also,see Judith Plaskow,Standing Again at Sinai: Judaism from a Feminist Perspective (New York:Harper&Row Publishers,1990) pp.170-177.**
**16.Hazleton,op.cit., pp. 41-42.**
**17.Swidler,op.cit., p. 141.**
**18.Matilda J. Gage,Woman,Church,and State (New York: Truth Seeker Company,1893) p.141.**

**19.Louis M. Epstein,The Jewish Marriage Contract (New York:Arno Press,1973) p.149.**
**20.Swidler,op.cit.,p. 142.**
**21.Epstein,op.cit.,pp. 164-165.**
**22.Ibid.,pp.112-113.See also Priesand,op.cit.,p. 15.**
**23.James A. Brundage,Law,Sex,and Christian Society in Medieval Europe (Chicago:University of Chicago Press,1987) p. 88.**
**24.Ibid., p. 480.**
**25.R.Thompson,Women in Stuart England and America (London:Routledge&Kegan Paul, 1974)p.162.**
**26.Mary Murray,The Law of the Father (London:Routledge,1995) p. 67.**
**27.Gage,op.cit., p. 143.**
**28.For example,see Jeffrey Lang, Struggling to Surrender, (Beltsville,MD:Amana Publications,1994) p. 167.**
**29.Elsayyed Sabiq,Fiqh al Sunnah (Cairo: Darul Fatah lile`lam Al-Arabi,11th edtion,1994),vol.2,pp. 218-229.**
**30.Abdel-Haleem Abu Shuqqa,Tahreer al Mar`aa fi Asr al Risala (Kuwait:Dar al Qalam,1990) pp. 109-112.**
**31.Leila Badawi,"Islam",in Jean Holm and John Bowker,ed., Women in Religion (London:Pinter Publishers,1994) p. 102.**
**32.Amir H. Siddiqi, Studies in Islamic History (Karachi:Jamiyatul Falah Publications,3rd edition,1967) p. 138.**
**33.Epstein,op.cit., p. 196.**
**34.Swidler,op.cit., pp. 162-163.**
**35.The Toronto Star,Apr. 8,1995.**
**36.Sabiq,op.cit.,pp. 318-329.See also Muhammad al Ghazali, Qadaya al Mar`aa bin al Taqaleed al Rakida wal Wafida (Cairo: Dar al Shorooq, 4th edition,1992) pp.178-180.**
**37.Ibid., pp. 313-318.**
**38.David W. Amram,The Jewish Law of Divorce According to Bible and Talmud (Philadelphia:Edward Stern&CO.,Inc., 1896) pp. 125-126.**
**39.Epstein, op.cit., p. 219.**
**40.Ibid, pp 156-157.**
**41.Muhammad Abu Zahra,Usbu al Fiqh al Islami (Cairo: al Majlis al A`la li Ri`ayat al Funun, 1963) p. 66.**
**42.Epstein,op.cit., p. 122.**
**43.Armstrong,op.cit.,p. 175.**
**45.Ibid., p.121.**

46.Gage,op.cit., p. 142.
47.B.Aisha Lemu and Fatima Heeren, Woman in Islam (London:Islamic Foundation,1978) p. 23.
48.Hazleton,op.cit., pp. 45-46.
49.Ibid., p. 47.
50.Ibid., p. 49.
51.Swidler,op.cit., pp. 144-148.
52.Hazleton,op.cit., pp. 44-45.
53.Eugene Hillman,Polygamy Reconsidered: African Plural Marriage and the Christian Churches (New York: Orbis Books, 1975) p. 140.
54.Ibid., p. 17.
55.Ibid., pp. 88-93.
56.Ibid., pp. 92-97.
57.Philip L. Kilbride, Plural Marriage For Our Times (Westport,Conn.:Bergin&Garvey,1994) pp. 108-109.
58.The Weekly Review, Aug. 1, 1987.
59.Kilbride, op. cit., p. 126.
60.John D`Emilio and Estelle B. Freedman, Intimate Matters: A history of Sexuality in America (New York: Harper&Row Publishers, 1988) p. 87.
61.Ute Frevert, Women in German History: from Bourgeois Emancipation to Sexual Liberation (New York: Berg Publishers, 1988) pp. 263-264.
62.Ibid., pp. 257-258.
63.Sabiq, op. cit., p. 191.
64.Hillman, op. cit., p. 12.
65.Nathan Hare and Julie Hare, ed., Crisis in Black Sexual Politics (San Francisco: Black Think Tank, 1989) p. 25.
66.Ibid., p. 26.
67.Kilbride, op. cit., p. 94.
68.Ibid., p.95.
69.Ibid.
70.Ibid., pp. 95-99.
71.Ibid., p. 118.
72.Lang, op. cit., p.172.
73.Kilbride,op. cit., pp. 72-73.
74.Sabiq, op. cit., pp. 187-188.
75.Abdul Rahman Doi, Woman in Shari`ah (London: Ta-Ha Publishers,1994)p.76.

**76.Menachem M. Brayer, The Jewish Woman in Rabbinic Literature: A Psychosocial Perspective (Hoboken, N.J:Ktav Publishing House, 1986) p. 239.**
**77.Ibid., pp. 316-317.Also see Swidler,op. cit., pp. 121-123.**
**78.Ibid., p. 139.**
**79.Susan W. Schneider, Jewish and Female (New York:Simon&Schuster,1984) p. 237.**
**80.Ibid., pp. 238-239.**
**81.Alexandra Wright, "Judaism", in Holm and Bowker, ed., op. cit., pp. 128-129.**
**82.Clara M. Henning, "Cannon Law and the Battle of the Sexes" in Rosemary R. Ruether, ed., Religion and Sexism: Images of Woman in the Jewish and Christian Traditions (New York: Simon and Schuster,1974) p. 272.**
**83.Donald B. Kraybill, The riddle of the Amish Culture (Baltimore: Johns Hopkins University Press,1989) p. 56.**
**84.Khalil Gibran, Thoughts and Meditations (New York: Bantam Books,1960)p.28.**
**85.The Times, Nov. 18,1993.**